**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртото продолжение на Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јануари 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Тома Глигоријевски, Михајло Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Игор Ивановски, Благородна Мингова Крепиева, Ванчо Георгиев, Рафет Муминович, Андреј Жирновски, Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со четиринаесета точка - **Предлог за донесување на Изборниот законик**

Претресот по предлогот за донесување на Изборниот законик е заклучен, но, очигледно е дека немаме кворум, а немаме доволно потпишани пратеници. 46 пратеници се потпишани и со тоа неможеме ни теоретски да оствариме можност за кворум.

Затоа, давам пауза до 11.30 часот.

(по паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега има вкупно потпишани 70 и нешто, што значи дека би требало да обезбедиме кворум.

Службите ги молам да го утврдат бројот на присутните, а пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Значи, можеме да продолжиме со работа, бидејќи следното нешто што треба да направиме е да го гласаме заклучокот.

Според тоа, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1 Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Изборниот законик.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на Изборниот законик, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештеите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерстовото за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на закон за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинствот во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Прво, дозволете да ги прочитам амандманите.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 3 алинеа 1, член 10 став 1 алинеи 5 и 8, член 11, член 13 став 3, член 17 за додавање нова реченица на ставот 1, за менување на насловот пред членот 23, за бришење на насловот пред членот 28, член 28 став 1 и за менување на став 2, член 29 за менување на став 3, член 31 ставови 1 и 3, член 36 став 2, член 37 став 2, член 38 и за менување на член 40, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани на член 10 за додавање две нови алинеи по воведната реченица, член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 22 ставоти 2 и 3, член 23 и на член 24 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 став 3 и на член 5 став 1, член 20 став 4, член 22 став 3 за менување на член 28, член 29, за додавање нова глава 5-а и 6 нови членови. Потоа 29-а, 29-б, 29-в, 29-г, 29-д и 29-ѓ, член 30, член 31 став 1, 3 и 4 за додавање нов член 31-а по членот 31, член 37 за менување на став 2, член 38 за додавање на нов член 41-а по членот 40 и на член 42 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Со други зборови Владата поднесе нов закон.

Меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 38 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието, пратеникот Никола Апостоловски поднесе амандмани на член 5, член 8 за

менување на став 2, член 16 за додавање нов став 1, член 20 за додавање нов став 5 по ставот 4, член 31 став 1 и на член 31-а по кои Владата не се произнела.

Тоа се сите амандмани кои во рок се доставени.

Господине Караџоски имате процедурално.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, јас се пријавив процедурално уште пред да почнете да ги читате амандманите, меѓутоа не ми сметаше да ве почекам да ги прочитете амандманте.

**Љупчо Јордановски:** Амандман ќе се читаа и така и така.

**Жарко Караџоски:** Претседателе од името на пратеничката група ВМРО Народна партија барам половина час пауза од причина што во текот, значи откако ни е доставен законот и во текот на расправата по Изборниот законик, ни доаѓаат во континуитет амандмани од Владата, еве и денес имаме кои во суштина го менуваат текстот на законот. Заради подобра подготовка и учество во наша расправа и дебата по овој закон, барам половина час пауза колку да имаме време да ги разгледаме сите овие амандмани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Вашата констатација е точна и ќе ги добиете тие половина час, но имаме и некои други процедурални јавувања кои треба да ги завршиме.

Повелете господине Есад Рахиќ, процедурално.

**Есад Рахиќ:** Сега ќе биде, еве почнаа да се јавуваат пратениците.

Претседателе, јас се извинувам и сакам процедурално да реагирам и мислам дека имаме два поводи за кои што јас од вас и од колегите пратеници би побарал со едно минутно молчење да оддадеме почит, прво, на починатиот претседател на Косово и вториот е вчерашната сообраќајна несреќа во Црна Гора, каде што најмалку 39 луѓе го загубија својот живот. Доколку може јас би ве замолил.

**Љупчо Јордановски:** Ќе направам додатни консултации и после паузата вашето процедурално ќе го објаснам.

Имате половина час пауза.

(По паузата седницата продолжи во 12,15 часот)

**Љупчо Јордановски**:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по Амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда Субхи Јакупи.

Прво, дополнително објаснување дали го прифаќате амандманот. Бидејќи имате навистина суштински промени, дајте некое објаснување за тоа.

**Субхи Јакупи:** Амандманот од Никола Апостоловски по членот 5 точката се брише и се додаваат зборовите "и одговорно лице на имател на информации" се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Значи, ако имате потреба нешто да кажете по некој амандман каде што одбивате, можете да го кажете својот став во врска со тоа зошто го одбивате и пошироко да објасните за новите измени, односно амандмански интервенции од страна на Владата.

Отворам претрес по Амандманот на член 8 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски. Тоа е амандман на вашите амандмани, бидејќи суштински го сменивте текстот на законот. Затоа ве молам да се изјасните.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа. Овој амандман е идентичен со амандманот по членот 10 и затоа овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот го повлекувам бидејќи како што се изјасни претставникот на Владата амандманот е идентичен и во членот 10.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на ч;ен 10 за додавање две нови алинеи по воведната реченица, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Овој амандман е колку што знам на оригиналниот текст.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Првата алинеја не се прифаќа, додека втората алинеја се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** За таа втората алинеја ќе морате да поднесете амандман, затоа што не можеме сега да го делиме амандманот. Така е Деловнички, или го прифаќате целосно, или не го прифаќате.

**Субхи Јакупи:** Тогаш амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, јас го поднесов овој амандман со цел да се овозможи на барателите на информации многу полесно да стапуваат во контакт со лицето кое што е задолжено за давање на одредена информација. Мене ми е многу жал што заради технички

причини практички нема да може да го усвоиме амандманот. Меѓутоа, ако има некаков механизам да го направиме тоа.

**Љупчо Јордановски:** Ако може само да ве посоветувам, бидејки сега имаме можности да даваме амандмани до крајот на расправата, затоа што амандманите на Владата сменија доста суштествено и вие можете технички овој амандман да го искорегирате па да го поднесете.

**Славица Грковска:** Тогаш јас дополнително ќе поднесам нов амандман без првиот став.

**Љупчо Јордановски:** Во секој случај бидејки вака амандманот е одбиен, јас морам амандманот да го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

**Славица Грковска:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Чекаме амандман од страна на пратеникот Славица Грковска во вториот дел што е прифатен од Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Господине Јакупи, повелете, изјаснете се, дали овој амандман го прифаќате, или не?

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа, бидејки ниту еден баратал не може да биде во привилегирана положба, затоа не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас го поднесов овој амандман заради тоа што мислев дека медиумите би требало да имаат некаква попривилегирана положба во однос на останатите граѓани во име на благовремено и точно информирање на јавноста. Мислев дека тоа е во интерес и на граѓаните, меѓутоа и на институциите, затоа што на тој начин до колку се овозможи брзо и навремено информирање преку медиумите практички ќе се спречи можноста за сите шпекулации и можни различни конструкции кои што не соодвествуваат на вистината. Единствено од тие причини го поднесов овој амандман и сметам дека би требало да го подржиме.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ни требаат уште два пратеника.

Во салата сега имаме точно 61 пратеник.

Амандманот на член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, 53 гласале за, 8 за амандманот, 5 воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа, бидејки жалбата не може да биде во пропишана форма како што е барано.  Секој има право да се изјасни како може и тоа право му недостасува на тој жалител. Затоа во ваква форма мислам дека не е прифатливо и амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

**Никола Апостоловски:** Целта за поднесување на овој амандман беше да се овозможи поедноставна постапка за жалба. Зошто не е прифатен? Го прифаќам образложението на заменик министерот. Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Објаснувањето е многу добро. Го повлековте амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 ставови 2 и 3 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Бидејки на овој член има и амандман од Владата кој се прифаќа. Затоа овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

**Славица Грковска:** Со оглед на тоа како што кажа заменик министерот Владата има поднесено амандман и тој станува составен дел на законот, го повлекувам овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Оторвам претрес по амандманот на член 23 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Кој бара збор?

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе, јас ќе го повлечам амандманот со оглед на тоа што станува збор за недоразбирање. Интенцијата на предлагачот била многу подобра отколку онаа што јас сум ја разбрала. И затоа го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и со тоа станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31-а поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен .

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот кој што е одбиен од претставникот на Владата на член 31-а поднесен од пратеникот Никола Апостоловски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника 53 гласале, 5 за амандманот, 3 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Со тоа завршивме со амандманската расправа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор?

Има збор Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата, или поточно заменик министре за правда.

Искрено да ви кажам на почеток имам многу непријатно чувство не само што во оваа наша држава не направивме ништо со борба против корупцијата,не направивме ништо за да ја намалиме сиромаштијата во оваа наша држава, не направивме ништо конкретно за борба против организираниот криминал, имам непријатно чувство што оваа наша држава има недоветни политичари кои сериозно го рушат кредибилитетот на државата, но посебно имам непријатно чувство, дури може да се каже и дека се срамам од фактот што дури после, или ќе бидеме ние всушност со денешниот Предлог на закон последната земја во регионот која го има овој закон за слободен пристап на информациите од јавен карактер.

На Владата и требаше една цела година, Предлогот за донесување на закон да стане Предлог на закон затоа што, колку што паметам, првата фаза беше во декември 2004 година, сега сме јануари 2006 година. Во земјите и со помалку развиена демократија од нашата, нели ние велиме дека сме земја која претендира да го зголеми нивото на демократија, постои ваков закон, а кај нас, почитувани колеги, значи земја која има кандидатски статус за влез во Европската унија, до душа датата не ја знаеме, мислам годината, но ние во декември месец се стекнавме со статус на кандидат за влез во Европска унија, сеуште не постои ваков закон кој содржи веќе стандардизирани принципи кои ја регулираат оваа материја секаде околу нас, само кај нас немавме до сега привелегија да го имаме постоењето на овој закон за соботен пристап на информации од јавен карактер. Овој закон не ни е донесен, оној закон малку промени ќе претрпи, на трет закон му бараме одложена примена или треба да се одложи неговата примена, после некој друг ќе влезе во Европската унија пред нас. Па ќе влезе. Ние ќе почекаме малку да влеземе во Европска унија. После кој ќе ни биде крив, студеното време, снегот. Не знам што тогаш ќе бараме оправдување, кога вакви клучни закони, наведени во одговорот на Прашалникот од Европската унија, ние сеуште не најдовме време, или пак купувавме време од една година за да може конечно да ја види светлината на денот ваков предлог на донесување на закон за слободен пристап на информации од јавен карактер. Сето ова почитувани колеги, оваа процедура започна во декември месец кога беше првата фаза. Во таа фаза имавме сугестии, забелешки, посебно во делот на што побрзо донесување на овој закон и профункционирање на самиот закон. Но, ние, изгледа, или всушност Владата не ги погодила вистинските луѓе во Министерството за правда кои ќе овозможат овој закон од прва фаза да помине конечно во втора фаза. Искрено да ви кажам не знам што се чекаше толку долго, не ми е јасно. Кога почнав да го читам текстот на законот и споредувајќи го со она што беше предложено во прва фаза, а и од искуството кое го имаме, ние толку закони донесовме, препишани што од Хрватска, што од Словенија и од другите соседни земји, до сега требаше да го препишеме од некоја од земјите, имавме материјали за постоење на ваков закон во Србија и Црна Гора, за да може да постои ваков закон. Меѓутоа, ние ја одбравме другата фаза, чекавме да видиме што во меѓувреме ќе се случи за да може овој закон да дојде во втора фаза. Значи, ако можело, ако постоеле основи да биде

донесен овој закон, со се она претходно што го кажав деа можевме да ги искористиме искуствата на останатите земји, јас се плашам дека мора да постои некоја друга позадина. Таа позадина, според мене, се гледа уште во самото име на Предлог-законот за слободен пристап на информации од јавен карактер. Еве ќе ви кажам зошто.

Самио збор, ем слободен пристап, ем информација, ем јавен карактер, веќе го пали црвеното светло во Владата на Република Македонија, се палат сите сирени на тревога и се појавуваат прашалници кои велат кој тоа сака да знае некоја иформација, а претходно да не помине неколку контроли, кој тоа сака таа информација да ја знае, а е обичен смртник. Таа информација мора да биде достапна само на еен тесен круг на луѓе. Кој сака таа информација да има јавен карактер, кога се знае дека таа мора да остане само во кругот на фамилијата, исклучиво да им служи на потребите на тој круг. Кога вака ќе ги погледнете работите сосема јасно станува зошто власта не сака да донесе ваков закон, посебно не сакаше во претходната година која, ќе се согласите почитувани колеги беше преполна со афери од различен карактер, не земјиштето за продажба, спроти Народна банка, па поништување на првиот дел на постапката, па непосредни спогодби, па ЦЕМ дозволи, даночни пирамиди. Значи со се се занимававме претходната година, дури и со играње на игра мачка-глушец, па тој сака, па не сака, па држ, не дај и сега после сето тоа, се чудам пак јас самата зошто овој закон толку чекал. Па ќе чека. Треба да се завршат некои работи претходно, бидејќи се работи за слободен пристап на информации од јавен карактер. Така што, воопшто не е за чудење ваквиот пристап на Владата и толку големиот временски период од првата до втората фаза. Знчи се е кристално јасно, појасно здравје.

Според мене, почитувани колеги, читајќи ги оние закони кои успеав да ги видам, кои постојат во некои од земјите, не од соседството, овој закон има основна цел која треба да се постигне со него, а тоа е да се реши дали информацијата која ја има некој надлежен орган, или како што е дефинирано во законот, имателна информација, дали таа информација може да стане јавна и да биде достапна слободно на сите баратели, или истата информација не може да биде јавна и не може да биде достапна до оние баратели кои бараат таа информација да дојде до нив. Тоа е суштинското прашање на кое треба да одговори токму овој закон за слободен пристап на информациите. Вака како што е предожен не дава гаранции дека ќе може да се дојде слободно до определена информација, што во крајна линија, почитувани колеги, ќе направи законот да не профункционира и да ја постигне својата основна цел.

Постојат, почитувани колеги неколку факти кои одат во прилог на вакво мое размислување дека целта заради која една година и невладини организации и Меѓународната заедница укажуваа на побрзо донесување на овој закон, сметам дека целта ќе биде промашена во неколку сегменти. Ќе почнам вака.

Законот, почитувани колеги мора да содржи јасна и гласна определба дека во случај на колизија на овој закон со останатите закони, првентсво на примена ќе има овој закон за слободен пристап на информации од јавен карактер. Тоа го велам од причини што ние веќе донесовме Закон за класифицирани информации кој секако дека длабоко навлегува во правото на граѓаните или на барателите, до слободен пристап на информациите. Вака како што е предложено во член 1 став 2 и во член 3 став 1 алинеја 2, информации од јавен карактер, може да се толкува како да овој закон за слободен пристап на информациите од јавен карактер, ќе биде лек специјалис во однос на Законот за класифицирани информации, или доколку дојде, како што реков до колизија меѓу овие два закони, право на првенство на користење, или ќе биде применет Законот за класифицирани информации. Тоа ќе се толкува токму вака како што ви го презентирав поради фактот што Законот за класифицирани информации, почитувани колеги, веќе е донесен и во него информациите веќе се класифицирани според својата тежина и до нив нема да може да се има слободен пристап, со што во старт се анулира важноста на овој закон за слободен пристап на информации. Кога овие одредби од законот ќе се споредат со одредбите од членот 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап на информации и ќе се споредат со одредбите од Законот за класифицирани информации кои веќе се утврдени во истиот, се доаа до констатација дека покрај овие исклучоци од членот 6, кои се наведени во овој закон, постои и дополнителна група на исклучоци од слободен пристап на информации кои се утврдени во Законот за класифицирани информации, што опасно го доведува во прашање слободниот пристап на информации. И во некои други закони постојат одредби со кои се регулира пристапот до одредени категории на информации, што оправдано предизвикува дилема, кога, кој закон, зошто ќе биде применет токму тој закон. Затоа гласно размислувам, бидејќи и да праша, не знам дали ќе имам одговор од другата страна. Ако имаме веќе упатувачки норми кои постојат токму во вој закон дека може да се примени и некој друг закон и сега ако веќе сакаме да ги систематизираме работите и да ги ставиме вистинските работи на вистинско место, не да импровизираме, бидејќи импровизацијата ќе не одведе во погрешен правец, да знаеме кој закон каде ќе се применува, тогаш секако дека овој закон за слободен пристап на информациите треба да има предност пред сите други закони во кои се регулираат соодветните информации, без разлика дали се

работи за закон за класифицирани информации, или одредени други закони во кои за да дојдете до определени информации ви е потребна голема процедура. На крајот на краиштата, со овој закон е предвидена постапка, кој, како, со што може да бара прстап до одредена информација, за колку време треба да му се одговори, што треба да го направи овој закон кој единствено треба да биде надлежен за слободен пристап на информации.

Кога веќе зборуваме за дефиницијата на информации од јавен карактер дефинирана во членот 3 став 1 алинеја 2, ќе ви цитирам, согласно Предлогот на закон што значи информација од јавен карактер. "Информација од јавен карактер е информација во која било форма која ја создал и со која располага имателот на информацијата, согласно неговите надлежности", или во натамошн иот текст информацијата.

Во делот на, како што реков јавен карактер, самата дефиниција треба да биде јасна дека тоа е секој документ кој го има имателот на информацијата, без оглед дали тој документ е создаден од тоа тело, или не е создаден, а ја поседува информацијата како информација и тоа треба да биде предмет на овој закон. Вака формуилирано со зборовите "од јавен карактер", се чини дека во себе содржи односно укажуа дека постојат информации од не јавен карактер и тие би излегле надвор од делокругот на важењето на тој закон. И во самата дефиниција на изразот-информации од јавен карактер, се вели, согласно неговите надлежности, како што е наведено, што автоматски информацијата ја прави да биде информација на еден имател на информација, утврдено во член 1 став 1 од овој закон, кој може да биде орган на државна власт, друга установа и институција, утврдена со закон, орган на општина, на Градот Скопје, на општините на Градот Скопје, јавни установи, јавни служби и јавни претпријатија и тн., кои заедно го сочинуваат системот на организација на државната власт. Значи сите овие органи на кои се однесува овој закон се составен дел на организацијата на државната власт во Република Македонија, односно се делови од системот на управување. Затоа Министерството за правда треба да размисли, барем додека трае расправата, дали треба да остане овој термин "јавен карактер" и до колку се согласи со ваквото мое размислување, нема да и биде проблем да поднесе амандман, со оглед на тоа што амандманите кои до сега ги поднесе Владата, суштински ја менуваат концепцијата на овој Предлог на закон.

Кога веќе зборувам за амандманите, во првата фаза постоеше Државна комисија за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер. Во втората фаза, тоа се избриша и остана само жалбена постапка, дирекно пренасочување, до колку барателот на информацијата биде одбиен за одредена информација, дирекно надлежен суд да го реши неговиот проблем за информацијата.

Со амандманите, Владата, како што течеше расправата, ги поднесуваше амандманите. Реков дека суштински го менува. Меѓутоа, морам да кажам дека она што беше на Комисијата за политички систем каде беа поканети претставници од невладините организации кои укажуваа на потребата од постоење на повисока инстанца која ќе ги решава жалбите на барателите на информации кои ќе бидат одбиени за определена информација. После тоа укажување на невладините организации луѓето зборуваа што зборуваа, Министерството остана глуво, па мораа да интервенираат преку ОБСЕ и ОБСЕ да даде одредени забелешки на Предлогот на законот, па после тие забелешки на ОБСЕ Министерството за правда да интервенира со свој амандман во кој ќе ја воведе Комисијата за заштита на правото до слободен пристап на информации затоа што во самиот текст, што го добивме ние како пратеници, се вели "На крај морам да изразам наше разочарување што Националната комисија што беше вклучена во минатиот закон, сега е отстранета". Значи пак под притисок на Меѓународната заедница Министерството за правда успеа да ја воведе, но само пот притисок, не доброволно, бидејќи не знаеме да работиме и да размислуваме така како што треба. Само под притисок ние можеме да воведеме нешто во закон затоа што Меѓународната заедница размислува малку подалеку од нас.

Сега ќе се вратам на Предлогот на законот, кога зборуваме за имателите на информациите, согласно член 3 став 1, алинеја 1, а во контекст гледан со членот 5 за тоа дека Министерството за правда еднаш годишно објавува листа на иматели на информации од јавен карактер. Сметам дека имателите на информации кои нема да се појават на лстата како иматели на информации, и покрај се треба да бидат предмет на овој закон, ако веќе тие самите спаѓаат под дефиницијата наведена во член 1 од законот и во член 3 став 1 алинеја 1 од Предлогот за донесување на законот.

Значи, листата на иматели на информација од јавен карактер која треба Министерството за правда еднаш годишно да ја доставува и да ја објавува во средствата за јавно информирање, билтени и интернет страница, треба да ги содржи сите оние органи за кои јас претходно зборував, значи органи на државна власт, установи утврдени со закон, јавни претпријатија кои вршат јавни овластувања, органи на општината, органи на градот Скопје и на општините во градот Скопје и т.н.

Затоа сметам дека овој член 5 почитуван заменик министер треба да претрпи определени измени во делот на имателите на информациите.

Она што претходно зборував за опасноста дека овој закон ќе биде третиран, почитувани колеги, како лекс специјалист во однос на законот за класифицирани информации, во целост се потврдува и во наредниот член, а тоа е членот 6

од Предлог - законот за слободен пристап до информациите каде што во членот 6 се наведени исклучоци и тоа 9 исклучоци кога овој закон не треба да се применува.

Овој член, всушност, го содржи фундаменталниот таканаречен тест за јавен интерес кој аргументирано содржи најважна одредба во секој закон за слободен пристап на информации. Овој тест всушност значи дека барањето за информација секогаш ќе биде одобрено освен ако давањето на информацијата може да предизвика повеќе штета на јавниот интерес отколку недавањето на информацијата. Со самото тоа што од овој тест произлегуваат исклучоците наведени во законот или во членот 6, логично е дека тестот за јавниот интерес треба да му претходи односно да има предност отколку да произлегува односно да е последица на листата на исклучоци така како што е предложено во членот 6 од овој закон.

Тестот за јавен интерес се појавува отпосле што лесно може од страна на имателите на информацијата, почитувани колеги, да помине незабележано или да се пропушти. Значи, основната интенција од која треба да се води законодавецот доколку сака, навистина, овој закон за слободен пристап на информациите од јавен карактер да профункционира е потребно секое барање за информација да биде одобрено освен, доколку јавниот интерес, ако давањето на информацијата штети на јавниот интерес многу повеќе отколку недавањето на информацијата. Јас тоа не го гледам во овој закон иако ова што го кажувам, почитувани колеги, е дел од она на кое се повикува Министерството за правда дека го користело при донесувањето на овој закон, а тоа е коментарите на македонскиот закон за слободен пристап на информации од јавен карактер, мислам на Предлог-законот, артикл 19 како што е наведено и во причините за донесување на овој закон, значи, луѓето убаво си кажале, ама Министерството за правда, бидејќи е на англиски, треба да се мачи да преведува, најверојатно не успеало да преведе и да ја сфати суштината поради која, всушност, се донесува овој закон.

Како што наведов претходно, ние сме единствената земја која нема ваков закон.

Во овој контекст многу сум љубопитна, почитувани колеги, од членот 6 став 1 точка 3. Значи, исклучок имател на информација може да одбие барање за пристап до информацијата во согласност со закон ако информацијата се однесува на точка 3 каде вели: Информација за архивско работење која е утврдена како доверлива. Разбирам повреда на доверливоста на даночна постапка, разбирам информација стекната или составена за кривична истрага или прекршочна постапка, разбирам информација за документ што е во фаза на подготвување, ама информација за архивско работење која е утврдена како доверлива, искрено да ви кажам, јас не можам тоа да го разберам. Како што е напишано јас како барател на информација како да барам информација од НАСА, како да барам информација од ЦИА, како да барам информација од ИНТЕРПОЛ, што во одредени случаи можам да ја добијам или љубезно ќе биде замолена таквата информација не е достапна во овој момент, меѓутоа, во најскоро можен рок ние на вашиот е-маил ќе ви ја доставиме. Значи, од ЦИА можам попрво информација да добијам и од било која разузнувачка служба и од НАСА можам да добијам, ама за архивско работење кое е прикажано како доверливо во Македонија тешко дека ќе можам да добијам информација. Значи, немам слободен пристап до информацијата.

Во секој случај, почитувани колеги, фактот што ниедно барање или молба не може да направи било каква штета на јавниот интерес, ја отворам можноста имателите на информацијата да можат да ја избегнат употребата на овој закон со тоа што ќе ја рекласифицират информацијата од пониско на повисоко ниво и таа ќе стане многу, многу доверлива ако се работи за безбедност во ред, ако се однесува на барање за архивско работење, тогаш не е во ред, со што, во крајна линија се минимизира важноста на овој закон.

Друга интересна работа која го следи донесувањето на овој закон при сите досегашни фази е следниот факт. Она што го зборував претходно, морам да го повторам, значи, постоење на државна комисија за заштита на правата до слободен пристап на информации од јавен карактер. Со овој Предлог на закон се пренасочи, ја нема, отиде во судот, жалбена постапка, нема комисија, мораше ОБСЕ да интервенира со свои забелешки и пак оние три наведени покрај комисијата на која даваат посебен акцент и која го наведува она што го зборував за односот помеѓу овој закон и Законот за класифицирани информации кој ќе биде лекс специјалис во однос меѓу овие два закони, кој прв ќе биде применет.

Второто укажување е за постоење на таканаречен тест на штета кој треба да биде крајна мерка преку која носителот на информацијата може да одлучи да одбие барање за одредена информација и третиот елемент е адекватната заштита на државните службеници кои работат со информации.

Посебно е потенцирано постоењето на државната комисија и укажување дека е потребно да постои и Министерството за правда со крупни чекори напиша 6 амандмани или незнам колку беа кои ги добивме, меѓу кои цела глава комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Искрено да ви кажам се срамев затоа што Министерството за правда дури по укажувањето на ОБСЕ затоа што очигледно ние самите не знаеме што да сработиме, ќе повторам, мора се некој друг да ни кажува, ги поднесе тие амандмани така што од законот и оние амандмани прифатени од Законодавно-правната

комисија и оние амандмани за кои денеска расправавме го направија законот сарма. Ќе треба Законодавно-правната комисија да се овласти да изготви пречистен текст на Предлогот на законот. Кај нас само такви небулозни работи можат да се случат. Нема на друго место.

Една интересна работа која сакам да ја потенцирам е оние извештаи кои доаѓаа од страна на комисиите меѓу кои и на Комисијата за политички систем и она што министерот за правда го велеше кога беше поканет на тие комисии и она што ни се случува овие денови со амандманите од Влада, така што министерот за правда во еден од тие извештаи поточно во извештајот на Комисијата за политички систем вели дека Комисијата, а се мисли на Комисијата за заштита на правата до слободен пристап на информации од јавен карактер не ни треба, дека барателот има право да поднесе тужба до надлежен суд затоа што тоа било во согласност со новите измени на Уставот и на тој начин граѓаните поефикасно и побрзо ќе ги оствариле своите права во оваа област иако со законот ќе се придонело, меѓу другото, и за борба против корупцијата. Ова се, цитирам, зборови на министерот за правда во одбрана на Предлог-законот пред Комисијата за политички систем кога немаше абер од амандмани.

После една недела сите оние случувања, невладини организации, ОБСЕ и т.н., министерот во образложението на амандманот 5 со кој се воведува комисијата, вели дека искуствата покажувале дека административен механизам треба да постои односно, се мисли на комисијата, ова било од суштинско значење за ефективно функционирање на системот на пристап до информации дека судските постапки се предолги со што се ограничуваат граѓаните во остварување на едно од своите основни права, а тоа е правото за слободен пристап.

Сега, почитувани колеги, кажете кога човекот да му верува на министерот. Кога го бранеше законот пред Комисијата и кога велеше дека не ни треба комисија ќе бараме судска заштита, сега со амандманите вика би било добро да се има таа комисија, административен механизам за заштита на барањата, правата на барателите на информации, дали да верувам кога го кажуваше она прв пат, дали да го верувам она што го зборуваше со амандманите втор пат, за 24 часа ние знаеме да се смениме, е, бидејќи веќе 4-та година гледаме трчање лево-десно, трчање од крајност во крајност, префрлање на одговорност од еден на друг или фудбалски жаргон, топката од еден на друг без некаков посебен ефект, останува само, почитувани колеги, горчлив вкус во устата и мислата дека ние во континуитет се замајуваме од страна на власта.

Па, поради тоа, ако ме прашате мене искрено да ви кажам јас не верувам ни на првиот пат ни на вториот пат на министерот, верувам само во моите очи она што го читам во законот и она што успеав да го слушнам и од страна на министерот и од страна на заменикот и од страна на колегите, а она што го читам не ми претставува некое посебно задоволство посебно текстот на Предлогот на законот.

По се она што успеав да го кажам, само претходно морам да напоменам една работа, ќе го пофалам министерот за правда тоа е во тие фамозни амандмани што најде за сходно да го предложи амандманот 8 во кој се додава нов член 31-а на закон кој не е усвоен, а кој е втора фаза, во кој вели дека се ослободува од одговорност вработен во државната администрација кој ќе даде заштитена информација, доколку таа е од значење за откривање на злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување, како и за спречување на сериозни закани за здравјето и животот на луѓето и загрозување на животната средина. Потребата од овој член е неопходно потребна доколку навистина службеното лице или било кој вработен во државната администрација има добра намера определено коруптивно однесување или индиции за организиран криминал да може да ја даде како информација која ја има имателот на информации или органот во кој тоа лице е вработено.

Овој член е убав, ама другиот дел од законот не ми се бендисува, искрено да ви кажам, затоа се прашувам што всушност се сака да се постигне со овој закон. После ова читање, овие амандмани, барање и на амандмани од Владата и на амандманите од колегите се прашувам што сака да се постигне со овој закон.

Прво, ако се сака со овој закон да се постигне примена на овој закон, со вакви законски решенија граѓаните навистина да можат да имаат слободен пристап до информациите од јавен карактер, ако е тоа интенцијата, тогаш сметам дека со вака предложениот закон, со вака предложените исклучоци од широка палета, со упатувачки одредби за примена на други закони, со недефиниран однос на овој закон и другите закони кои регулираат определена материја слична на оваа, не верувам дека ќе се постигне целта.

Второ, дали се сака со овој закон да го имаме само како закон да ни се брои и да го тргнеме од нас срамот дека сме единствена земја која нема донесено ваков закон во регионот, да не кажам, пошироко во светот, претешки зборови.

Ако се носи само заради тоа колку да го имаме како закон и да не се срамиме што немаме ваков закон, тогаш ич да не се мачиме и да не го донесуваме овој закон затоа што не е во ред да се лажеме и самите себе дека од утре, од почетокот на примена граѓаните и ние ќе имаме еден слободен пристап на информации од јавен карактер до бесвест и назад. Граѓаните имаат право да знаат што и како се случува, почитувани колеги, во органите на државната власт, во органите на општината, во установите утврдени со закон и т.н., граѓаните сакаат државните и

другите органи да бидат потранспарентни и отворени кон граѓаните, граѓаните сакаат да знаат дали некое право им е ускратено или им е укинато оправдано или неоправдано токму преку запознавањето на начинот на работата на имателите на информации односно се она што го сочинува државниот апарат или организацијата на државната власт, независно како што реков дали е на високо или на локално ниво.

Превезот на тајноста со која се обвиткани сите државни и други органи конечно по 60 години треба да се симне и да не се прави баук од тие државни органи кои постојат, претседателот проба и успеа во одреден дел да го сруши оној имиџ на бирократско Собрание кое постоеше барем во овој парламентарен состав и сега се прашувам ама ако можеше од Националниот парк "Јасен" да влезе телевизиска екипа и да види што било таму, какви се скривници, зошто тогаш државните органи и останатите органи да не бидат транспарентни и отворени за секоја информација која определено лице ја бара.

Искрено да ви кажам јас со ваквиот текст на законот нема да се согласам, овој текст очигледно треба да претрпи измени, не знам колку Владата ќе има капацитет да ја постигне онаа основна цел која ја реков на почетокот и треба да се води со таа цел.

Дали информацијата која имателот на информација ја има, без оглед на тоа кој државен орган е, може да има и јавен карактер, или не може. Тоа е основната цел која сака да се постигне со законот, не со постапките, волку дена, онолку дена, па барателот, па да одговара, па да не одговара. Убаво требало Министерството за правда да го прочита она што го реков артикал 19, да ги примени одредбите од укажувањата кои се прецизирани за да може законот да ја постигне целта. Вака предложен според мене, законот нема да ја постигне целта и самите веќе се залажуваме граѓаните и во иднина дека ќе имаат слободен пристап до информации од јавен карактер. Знам дека нема да имаат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска. Во меѓувреме пратеникот Славица Грковска поднесе амандман на член 10 за додавање нова алинеја по воведната реченица по која Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нова алинеја по воведната реченица, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме понатаму со дискусијата по текстот.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Еве денеска го имаме овој проект на закон и јас веднаш ќе кажам дека за оан што зборуваше колешката Којзеклиска дека законот ќе ја постигне целта и ни е потребен ваков закон и овој закон е дел од мозаикот кој треба да го составиме за влез во Европската унија.

Мислам дека вака предложениот закон и со овие амандмани предложени од Владата, законот ќе ја постигне целта.

Пред се, сакам да истакнам дека значењето на самиот закон е големо и неоспорно, како и потребата од неговото донесување, која што потреба од досување на закон ја утврдивме и ја донесовме пред една година, некаде во јануари 2005 година.

Донесувањето на законот претставува чекор напред кон Европската унија и усогласување на нашето законодавство со законодавството од Европската унија.

Со законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, се остварува уставното начело со кое се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и донесување на информациите, како и со закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информациите. Со законот им се овозможува на физичките и на правните лица како баратели да го остваруваат правото на пристап до информации од јавен карактер. Ако ова право е основната цел на овој закон, сметам дека сега со новите амандмани кои што ги предложи Владата на овој закон, кој се составен дел на законот во кој се формира посебна независна комисија во која што постапката да се води пред комисијата, а не пред судот, со која се предвидува заштита на информациите, сметам дека законот ќе ја исполни својата цел.

Во периодот меѓу првата и втората фаза, невладините организации со право вршеа притисок врз Владата да го врати членот за независна комисија, за слободен пристап до информациите и во тоа успеаа и ја убедија Владата, а и Владата прифати и ги имплементира стандардите на Европската унија во овие 12 амандмани.

Сега Комисијата за заштита на правата за слободен пристап до информациите од јавен карактер, ќе има обврска за следење и имплементација на законот, а не тоа да го прави, како што беше предложено Министерството за правда.

Втората битна измена е тоа што постапката да не се води пред суд, туку пред Комисијата, односно барателот на информацијата во определени случаи во законот да има право да поднесе жалба, а не тужба до Комисијата.

Третата измена е предложената заштита на информациите. Сметам дека ова се и забелешките од невладините организации кои што ги бараа и сега Владата ги прифати и изготви 12 амандмани. Сега законот веќе има нова содржина и нов текст, односно законот суштински се смени, кој сметам дека сега е веќе европски закон и зато го поздравувам потегот на Владата, што ги предложи овие амандмани. Но, сега треба Владата да обезбеди и нови финансиски средства во Буџетот, бидејќи во Буџетот за 2006 година нема обезбедено средства за работа на Комисијата. Сметам дека и примената на овој закон која што сега е дадена со амандманите од први септември 2006 година е сосема во ред и што Агенцијата за информации престанува да работи, а вработените ќе треба да преминат во Комисијата.

Со законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер се овозможува остварување на правото на граѓаните за слободен пристап до информациите од јавен карактер и се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на ова право. Со законот се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информациите. Законот изричито ги  набројува и определува кои се иматели на информациите. Кој е барател на информациите, која информација е од јавен карактер и што е тоа документ. Законот утврдува дека слободен пристап кон информации имаат сите правни и физички лица, па дури и странски правни и физички лица.

Законот набројува кои информации не можат да се дадат, во членот 6. Исто така, законот пропишува дека секој имател на информации за посредување мора да определи еден или повеќе службени лица, при остварување на правото на слободен пристап до информациите.

Во однос на постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации, дерално е разработено во  законот.

Поставувам прашање и не знам како во практиката ќе функционира пристапот до информациите, кога се бара усмено.

Мислам дека ова ќе го покаже законот и дека усменото барање ќе биде тешко за пристап до информациите. Другата постапка е сосема во ред.

Го поздравувам новиот член 28 со кој сега барателот има право на жалба во рок од 15 дена, против решението со кое имателот на информацијата го одбил барањето до Комисијата, а претходно беше тужба до надлежен суд. Ова е добро решение, бидејќи судската постапка е долга, а ова е добро решение, но ќе покаже праксата како оваа постапка ќе се одвива на дело и колку Комисијата, поставувам сега прашање, сега со оваа нова надлежност ќе биде и стручна и брза и ефикасна.

Сега би се навратил на оние амандмани кои ги предложи Владата, тие се 12 амандмани, а денеска добивме уште еден, значи 13, со кои содржината на овој закон се смени комплетно.

Во однос на статутот на Комисијата со членот 29-а, сега се предвидува Комисијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер, која ќе биде независна во своето работење и во донесувањето на одлуките, во согласност на надлежностите утврдени со овој закон. Ова го бараа и сите невладини организации и оваа е најголемата и најбитната измена во овој закон и мислам дека ова е со европските стандарди и е сосема во ред.

Втората работа, со кои средства ќе работи оваа Комисија. Во законот е предвидено средства за работа на Комисијата дека се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и дека Комисијата ќе одговара пред Собранието на Република Македонија, која ќе биде должна да поднесува и годишен извештај за својата работа. Но, ќе повторам уште еднаш дека сега треба да се предвидат нови средства во Буџетот на Република Македонија, бидејќи ние го донесовме Буџетот на Република Македонија за 2006 година, вакви средства нема определено и сега ќе треба да се дадат дополнителни средства.

Што се однесува до составот, именувањето и разрешувањето на членовите на Комисијата во законот, во членот 29-б, она што се дадени во амандманот, се предлага именувањето на членовите на Комисијата се избираат од Собранието, но на предлог на Владата.

Мислам дека Комисијата би требало и во првиот текст беше членовите на Комисијата, и сега сметам дека можеби е подобро, за мене е дилема, Комисијата да биде избрана од страна на Собраниеот, но на предлог на Комисијата за избор и именување на Собранието на Република Македонија, а тоа да не биде Владата. Добро е тоа што Комисијата ќе работи професионално, односно претседателот и заменикот претседател, својата функција ќе ја вршат професионално. Комисијата ќе биде составена од пет члена, од кои еден ќе биде претседател, еден заменик, еден член ќе делегираат невладините организации и двајца членови ќе бидат од стручната служба. Мандатот на Комисијата е пет години и со право на повторен избор.

Во однос на условите кој да биде член на оваа Комисија, во законот не е така прецизно дадено и сметам дека Владата и Министерството за правда требало да ги определи, поточно условите кои треба да ги исполнуваат членовите на оваа Комисија. Во законот се предвидува дека ужива углед и е истакнат во областа на информирањето и пристапот до информации од јавен карактер и да е државјанин на Република Македонија.

Мислам дека овие услови се недоволни и никаде нема кој ќе ги утврдува овие услови. Кој ќе цени дали некој член е угледен, или не е угледен или дали е истакнат или не е истакнат од областа на информирањето. Затоа мислам дека требаше

кога веќе се предвидува комисија треба да се определат и кои услови треба да ги исполнуваата членовите на оваа Комисија. Во однос на тоа дека Собранието ќе ги разрешува и ќе ги именува членовите на Комисијата не е кажано со кое мнозинство во законот ќе бидат избрани или разрешени членовите на Комисијата. Сметам дека и тоа требаше Владата да го каже, со кое мнозинство Собранието на Република Македонија ќе ги избира, односно ќе ги разрешува овие членови.

Во однос на надлежноста на Комисијата сосема е во ред и се согласувам со надлежностите кои ќе ги има оваа Комисија и основните работи со кои што исто така, невладините организации бараа да се формира оваа Комисија да одлучува по жалби по решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информациите и втората битна работа, значи ќе се грижи за спроведување на одредбите од овој закон. Значи, оваа Комисија ќе го имплементира и ќе се грижи за спроведување на одредбите на овој закон, а не како што беше досега тоа да биде Министерството за правда.

Исто така, добра раб ота е тоа што оваа Комисија ќе ги презема активностите за обука на планот на едукација на имателите на информациите за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат.

Исто така, Комисијата ќе биде должна до Собранието да достатува финансиска потреба, односно да изготвува финансиски план кој што тие финансиски средства, треба да ги добие од Буџетот на Република Македонија. Сите други работи за Комисијата ќе биде должна таа и ќе донесува свој статут и деловник за својата работа во кој што статут ќе бидат наведени и попрецизно разработени сите дејствија и надлежносоти кои што ќе ги има оваа Комисија.

Начинот на работењето на Комисијата, како што е дадено во членот 29-г, тоа е во ред дека Комисијата работите од својата надлежност ќе ги врши на седница. А работењето и одлучувањето ќе се уредат со статутот на Комисијата и тоа е добро овде во законот што согласно за донесување на статутот на Комисијата ќе дава Собранието на Република Македонија.

Во однос на стручната служба, сакам да истакнам едно мое видување. Нормално дека стручните и другите размислувања и техничките работи во Комисијата ќе ги врши стручната служба со која ќе раководи раководител, кој ќе го именува и разрешува Комисијата.

Исто така и овде нема наведено кои услови и за кој период, дали ќе има мандат или не и кој ќе биде тој раководител. Не се предвидени условите за раководител и дали ќе биде тој на реизбор или нема да биде. Добро е тоа во членот 29 што е даден од страна на Владата дека против решението на Комисијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд. Ова ќе биде како степен на надлежност.

Мислам дека она што го подобри овој текст на законот, тоа е ослободувањето од одговорноста на лицата кои што работат со информациите. Така во членот 31-а, мислам дека ова е добро од причина што спречувањето на сериозни закани над вработените, поради откривање на злоупотребата на службената положба, така лицата ќе бидат заштитени со овој член. Мислам дека тоа е добро како што е наведено во членот 31-а се ослободуваат од одговорност вработени во државната администрација кои ќе дадат заштитена информација, доколку таа е од значење за откривање на злоупотреба на службената положба и коруптивно однесување, како и за спречување на сериозни закани за здравјето и животот на луѓето и загрозување на животната средина.

Сметам дека на овој начин ослободувањето од одговорноста на вработените во државната администрација е добар чекор напред и на овој начин ќе можеме да имаме поголем пристап до овие информации, ако некој врши злоупореба на слујжбената положба.

На крајот би рекол дека примената на законот ќе се применува од 1.09.2006 година, односно од месец септември, а до тогаш има период во кој што ќе се изготват и останатите акти, а и новина во тоа е што Агенцијата за информирање престанува со работа, а сите вработени ќе ги превземе Комисијата.

Сметам дека со овоие амандмани кои што ги предложи Владата, со тоа што предлага да постои независна комисија, мислам дека со тоа ќе се обезбеди поголема ефикасност во добивањето на информациите.

Тоа би биле моите забелешки и мое следење за подобрување на овој законски текст и сметам дека законот е добар и ќе ја постигне својата цел и ваков каков што е даден законот ќе биде применлив и се надевам дека и невладините организации и сите оние кои што беа заинтересирани за еден ваков законски текст сега се задоволни и мислам дека е во интерес на граѓаните и во интерес на сите нас во Република Македонија и дека овој закон е еден дел од законите што ние како држава мораме да го имаме, како би оделе по патот на Европската унија.

Го поддржувам во целост ваквиот закон и овие амандмани и ќе гласам за него.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Јас уште на почетокот од излагањето на моите колеги, неизбежлив е заклучокот дека ова што е предложено и денеска што беше доставено на маса од Владата, веќе говори за тоа дека Владата можеби ќе беше најдобро ова да го повлече денеска и да има една јавна расправа по ова што значи закон, Предлог на закон сега во моментот, кој што ќе стане закон, затоа што ваквите измени во текот на самата расправа и пред самата расправа суштински менува се. Зошто го говорам тоа? Затоа што објаснувањата и за едното и за другото се сведуваат на едно исто. Објаснувањето дека законот, ваков каков што е, целата јавност во Република Македонија го очекува со нетрпение.

Првата фаза беше декември 2004 година и сега дојдовме во една фаза кога и после комисиските расправи, на кои имаше голем број забелешки од опозицијата и од невладиниот сектор, на самата седница да добиеме скоро нов закон, апсолутно изменет во она што беше јавна расправа, апсолутно изменет во она што помина на сите комисии и комисиски расправи и она што како текст можевме да го имамем пред нас, за кое се поднесени амандманите и за кој беа нашите забелешки. Денес треба да говориме за забелешките кои ги имаме на новиот Предлог закон, значи амандманите кои станаа составен дел на законот и денес овде треба да говориме колку тоа е позитивно, колку тоа е брзо направено. Тоа многу скоро ќе го видиме, затоа што брзајќи да се стигне до нешто, секогаш се прават многу поголеми грешки отколку на овој начин кој вие го применивте. Затоа, потребата и усогласувањето што се назначени, каде што се нагласува зошто се донесува законот, тоа е заради усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европска унија и почитување на меѓународните стандарди, а при подготвување на законот се земени предвид Универзалната декларација за човекови права со која се гарантира правото на слобода на изразување, Европската конвенција за човекови права, Препораката на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободен пристап до службени документи и други меѓународни прописи. Тука не би имал апсолутно никаква забелешка затоа што треба да се движиме сега и веднаш кон Европската унија со сите донесени закони. Но, што се случува понатаму? Министерката за правда односно Министерството за правда кое беше задолжено за донесување на овој закон кажува, односно посебно се образложи новото решение во Предлогот на законот со кое се предвидува наместо право на жалба, против решението со кое имателот на информација го одбил барањето, барателот да има право да поднесе тужба до надлежен суд нагласувајќи дека ваквото решение е во согласност со новите измени на Уставот. На тој начин, оценката на министерката е дека граѓаните побрзо и поефикасно ќе ги остварат своите права во оваа област, како и дека Законот ќе придонесе во борба против корупцијата. Апсолутно ќе се согласев со ова ако е навистина така и значи треба да дојдеме во две ситуации. Едната ситуација е, доколку ни се случи промена на Уставот, сега јавно ќе прашам дали овој закон ќе се промени, дали оваа ситуација со тужбата ќе биде важна и валидна или останува ова што Владата сега го поднесе на седница, со кое се формира Комисија и ова прашање се решава со жалба. Тоа е суштинско прашање дали Уставот и промените на Уставот ќе придонесат за промена и на овој закон. Ако е така, тогаш без оглед на притисокот од сите навладини организации и притисокот од меѓународниот фактор, ние треба да прифатиме дека е така, ако вие имате донесено таква белешка, но мене ме зачудува почитуваната министерка како си дозволила во рок од неколку дена да донесе решение кое е апсолутно спротивно на она што беше поддржано во законот. За мене тука нема оправдување, мислам дека ни должите најмалку барем објаснување, ако ништо повеќе. Моите забелешки на Предлог законот кој го имавме, кој беше доставен до нас пратениците уште на 15.12.2005 година и на кој јас имав забелешки, и забелешки на кои подоцна ќе се навратам на предлогот што денес го добивме, мислам дека во членот 6 каде што стои: "Исклучок од слободен пристап до информаци" затоа што моите колеги беа исцрпни во своите излагања, јас ќе бидам конкретен во однос на текстот кој што е тука понуден. Имено, членот 6 ставот 6 гласи:"Информација што се однесува на комерцијални и други економски интереси, вклучувајќи ги и интересите на монетарната и фискалната политика чие давање ќе има штетни последици во остварувањето на фнкцијата". Со овој нов Предлог на закон се спомнува ослободување од одговорност, што сите потврдуваме дека е во ред и дека така треба да биде, но треба да има една голема контрола и заштита, бидејќи овде се спомнуваат економски интереси и комерцијални интереси. Имено, еве и во последниот случај со Електростопанство на Македонија, се работи со одавање на такви тајни документи, односно документи кои се од таков карактер, тука може да се постигне против правна имотна корист од тешки милиони можеби евра. Казната за лицето кое ќе го издаде ова е минимална и изнесува од 5 до 30 иљади денари. Мислам дека тука апсолутно треба да постои начин како она што е во фаза на работење, она што е документ од заштитен карактер апсолутно да не може никој да го предаде, а ова што го говорите во однос на утврдување на корупција на сите тие други средства што ќе ја помогнат таа информација, тука апсолутно се согласувам. Меѓутоа, треба да имаме и друга ситуација што после тоа, ако нема таква ситуација. Мислам дека презункцијата на невиност не само кон оној што ја дава информацијата, туку и за оној за кој е дадена таа информација, затоа што оваа информација е убиствена и во првиот момент доаѓа во јавност, значи пред да оди во судски процес, пред да оди

било каде јавноста ќе биде таа што ќе осуди или ќе одбрани некого. Тука имаме еден проблем после тоа кој ќе заштити некого од таква ситуација. Значи овие ситуации мора да бидат дефинирани, што значи ова кога се вели економски интерес и комерцијален интерес. Тука мора да се знае во која фаза кои инфорамции може да бидат достапни а кои не може да бидат достапни се додека одредена постапка не биде одредена завршена. После тоа се е достапно и мора да биде на увид на јавноста што, како и кои работат.

Понатаму, во истиот член ставот осум се вели: "Информација за заштита на животната средина која не е достапна до јавноста заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина" - ваква инфорамција апсолутно не познавам, која нема да биде кажана, а ќе биде во интерес на здравјето на луѓето. Ако е во интерес на здравјето на луѓето, значи постои некоја опасност, нешто што ќе го загози здравјето на луѓето или животната околина и тука нема апсолутно ниедна инфорамција која треба да биде заштитена. Значи дали е тоа зрачење, дали се тоа отрови, гасови, загадување на води, на реки, тука апсолутно нема никаква заштита кон никого. Таа инфорамција треба да се пренесе и да се бара оној што го направил делото. За мене точката 8 на членот 6 треба апсолутно да биде избришана, да не постои во законот. Ова се моите генерални забеелешки на она што значи членот 6.

Кај членот 12, тука се согласувам со господинот Витаноски и мојата забелешка беше барателот пристапот до инфорамцијата може да го бара усмено, писмено, или во електронски запис. Понатаму, во текстот на законот секаде каде што стои она што вие ќе го побарате усмено, апсолутно нема никаква одговорност, апсолутно не постои документ дека сте побарале нешто за да некој ви врати. Вие самите понатаму во законот го оформувате сето ова со барање, со назначување на барањето, а тука има некои нелогичности кои се во колизија едни со други, за кои ќе проговорам. Имено, членот 16 и членот 17, токму за информацијата што се добива по усмен пат и треба да отпадне, затоа што се работи можеби за некои неважни инфорамции, но штом имаме барател и некој што ја бара таа информација, треба да биде регистриран дека побарал и дека ја добил информацијата, затоа што без негово барање информацијата може да биде дадена на секого со тоа што ќе се каже дека истиот побарал инфорамција усмено. Мислам дека тука мораме да ги дефинираме работите, затоа што во членот 16 кој што е поврзан со содржината на барањето и дополнување, одбивање на барањето, барателот не мора да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за барање за пристап до инфорамции. Понатаму, ако барањето е непотполно имателот не може да постапува, ќе побара од барателот на инфорамцијата да го дополни барањето, службеното лице определено за посредување на информации е должно на барателот да му даде соодветна помош при дополнување на барањето. Сега стои третиот став во кој се вели ако барателот не постапи согласно став 1 и 2 на овој член, имателот на информацијата со заклучок ќе констатира дека барањето е повлечено. Значи може да се случи после ова усното некој да ве повика или вие да не дојдете во определениот рок и со тоа едноставно чекајќи ја информацијата тука да се заврши целата приказна.

Понатаму, членот 25 - може би за вас не е спорно, но за мене е спорно, затоа што за членот 25 никој од колегите не кажа барем до сега нешто. Во него стои вака:"Барателот го доставува барањето до имателот на информацијата на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а барателот кој зборува службен јазик различен од македонскиот јазик и писмо, барањето може да го достави на службениот јазик и писмо што го употребува во согласност со закон:. Значи ова значи воведување на двојазичност во Република Македонија во сите јавни установи, затоа што сите тие функционираат и ова значи дека ќе имаме двојна служба. Лица кои ќе бидат одговорни за приемот, давањето информации Ќе мора да знаат и македонски и албански јазик или тоа ќе бидат две лица од кои едното говори македонски, другото албански јазик. На овој начин воведуваме двојазичост и сите комисии и се што ќе работи понатаму ќе биде во ситуација да имаме двојство. Со ова дали заштитуваме, дали оспоруваме права на другите етнички заедници во Република Македонија - очигледно да, заоа што на овој начин правиме двојазичност и мислам дека во овој член 25 треба да остане само она што е информација на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Понатаму, ќе се осврнам на членовите 28 и 29. Според предложениот закон говориме за право на тужба, сега тоа стана жалба и тука апсолутно е променет тој член. Членот 29 каде што се кажува "Увидот на бараната информација е безплатен", а понатаму се кажува колку средства се потребни за тоа. Ако е така, ние треба да направиме имателот на информацијата да направи еден ценовик врз основа на што - затоа што кажав, ако барате катастарски извештај во кој треба да има мапи, ситуации и друго, сигурно дека таа информација ќе чини многу повеќе отколку една обична информација за вработување или за некој конкурс. Мислам дека уште пред да се даде во постапка законот овие работи треба да бидат со подзаконски акти решени и дефинирани до крај. Мојата забелешка на ова што е предложено сега од Владата со новите амандмани, новиот член 29-б "Состав и именување и разрешување на комисијата", неколку дилеми ми се јавуваат, па можеби ќе помогнете да ги разрешиме, но вака како што е направено мислам дека не е во ред. Во ставот 2 или точка 2 на членот 29 б, се вели: "На предлог на Владата на Република Македонија претседателот, заменик претседателот и членот

на Комисијата кој е претставник на невладиниот сектор ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија  за период од пет години со право на повторен избор". Сега јас ќе прашам прво, стои една ситуација во која за претседателот и заменикот претседател, а тоа е точка 5, како и член кој е претставник од невладиниот сектор може да биде именувано лице државјанин на Република Македонија  кој ужива углед и е истакнат во областа на информирањето и пристапот до инфорамции од јавен карактер. По непрецизно нешто до сега не сум видел, затоа што ова во Македонија не го исклучува ниеден  новинар кој се занимава со оваа ситуација, а од друга страна пристапот до инфорамции кој е многу угледен и истакнат во областа на пристигнување до информации, мене можеби несакајќи ме наведува кон ДБК, УБК, и други служби кои имаат информации. Ако Владата предлага, а Владата предлага тука и човек од невладиниот сектор, говориме за стручни лица кои треба да ја водат оваа комисија на стручен начин и овие информации да бидат достапни до целата македонска јавност. На овој начин ние ништо не решаваме, повторно Владата ќе предлага, тука немаме ни двотретинско мнозинство, затоа што се работи за стручни луѓе, треба да ги дефинираме да ги изгласа ова Собрание, да ги изгласаат сите. На овој начин, апсолутно не го решаваме проблемот што го спомнав, затоа што вака како што е напишано, еве и ова што се дава после него, во точката 3, што покажува дека во таа брзина нормално човек не секогаш ќе го најде правото решение. Се предлагаат двајца членови на Комисијата од редот на стручната служба на Комисијата, на предлог на Владата на Република Македонија  ги именува и разрешува Собранието за период од пет години со право на повторен избор. Пак се вртиме во круг, Владата е таа што секогаш ќе именува, назначува и предлага, Собранието ќе ги избира, немаме двотретинско мнозинство и ќе дојдеме во одредена ситуација, затоа што сите овие информации за кои се заинтересирани граѓаните и јавноста во Република Македонија доаѓаат токму од Владата на Република Македонија, дали оваа Влада, дали наредната или било која наредна влада, со закон го озваничувате сето ова дас биде така. Сега ако ја нема таа комисија да има слобода во работењето, да функционира како што треба, затоа што во комисијата како што имаме назначување за надлежности и во однос на она што беше стручна служба, "подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија". Го доставува Комисијата, а пред тоа имаме барање за доставување на информација од оној што ги има информациките, значи имателот на информацијата. Ова е веќе второ како годишен извештај и сега имаме одговорно лице, имаме комисија и комисијата треба да определи колкави финансиски средства му се потребни. За да го дефинира тоа, целта ја гледаме во последниот амандман или член кој е тука, каде што се кажува дека комплетната Агенција за информации преминува како служба на Комисијата за информации. Ова е можеби едно соломонско решение за да се најде начин како  од таа Агенција едноставно вработените да бидат префрлени и да почнат да функционираат како Комисија. Поинаку не го гледам ова, затоа што начинот на кој и досега работеше Агенцијата за инфорамации мислам дека нема многу да се промени, бидејќи со ова само ќе формираме комисија како што ја формиравме регулаторната и многу други комисии, но сите тие на крајот на краиштата ќе чекаат некој од Владата кој што го назначил, кој што го предложил да ја заврши својата работа и тука да заврши приказната.

Во однос на членот 29-д, за стручната служба, едноставно за раководителот ниту има некои услови, ниту се запишани во овој закон, туку само дека раководителот го именува и разрешува комисијата и тука заврши приказната. За мене е спорно во амандманот 6, кој што го предложи Владата во членот 30, сега незнам дали е грешка или читам различно од оние што го напишале, но во секој случај во образложението се вели дека со поднесениот амандман се прави усогласување на текстот. Сега ќе ви го прочитам текстот, и тоа се говори за Министерствто за правда, тоа е член 30 став 2: "Имателите на информациите за примена на одредбите на овој закон соработуваат со Министерството за правда". Ова е тоа што ни беше предложено. Вие сега предлагате амандман кој станува составен дел на овој закон, во кој велите дека имателите на информации за примената на одредбите на овој закон соработуваат со имателите инфорамции и со комисијата. Значи соработуваат самите со себе и со комисијата, што е апсолутно нелогично. Мислам дека овој амандман треба да го повлечете или да го доработите, тука  зборовите "имателите на информацијата" апсолутно да отпаднат и може да соработуваат со Комисијата и да се наведе како таа комисија ќе стои. Јас мислам дека ова треба да го направите денес, со амандман, додека се заврши расправата да не стои вака, затоа што како пратеници ќе гласаме или нема да гласаме за овој закон, но за жал ова ќе стане составен дел на Законот. Мислам дека тоа треба да го направите, значи амандманот 6 апсолутно нема резон и логика.

Понатаму, веќе говорев за оној што е в работен во државната администрација, кога ќе даде заштитена инфорамција, требаше да се каже и сега да се каже колку и како е заштитена. Потребата од овој член е заради спречување на сериозни закани над вработените поради откривање на злоупотреба на службената положба. Кога ова ќе се дефинира, ќе се знае која е таа информација која може да излезе или нема да излезе.

Во однос на ова што беше предложено од Владата и со оглед дека во самиот амандман

кажувате во членот 42 дата, 1.06.2006 година се заменува со 1.09.2006 година, ни дава уште еднаш за право да ве повикам, затоа што стои во законот дека се потребни 6 месеци за обука на луѓето кои ќе бидат во комисиите и луѓето што ќе ги даваат инфорамциите, уште еднаш да го повлечете овој закон и со овие последни законски решенија кои ги имате да се даде на јавна расправа, можеби кратко, за месец дена и до март месец некаде овој закон да биде донесен. Подобро така, отколку на овој начин утре повторно Владата со амандмани да интервенира на овој закон, затоа што се гледа дека во големата брзина и прифаќањето на се и сешто се направени поголем број на грешки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Објавувам пауза до 15,00 часот, продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот).
(По паузата седницата продолжи со работа во 15,06 часот).

**Љупчо Јордановски:**

Продолжуваме со расправа.

Госпоѓа Митковска, повелете имате збор.

**Милка Митковска:** Благодарам господин претседателе, почитувани претставници на Министерството за правда,

Почитувани пратеници, пред нас се наоѓа Предлог-законот за слободен пристап до информации од јавен карактер чија прва фаза беше разгледувана во Собранието во јануари 2005 година.

Иако, роковите разгледување од една до друга фаза на еден закон е три месеци, времетраењето на подготовка и разгледување на овој Предлог-закон е цела една година, бидејќи сега сме јануари 2006 година. Значи токму јануари 2005 - јануари 2006 година.

Причините за ова се јасни, односно мудро се заобиколува реалноста, се бега од обелоденување на многу афери за кои што граѓаните си поставуваат многу прашања а останаа без одговори, но верувам дека и понатаму ќе останат во недоумица.

Ако се има во предвид дека над 30 држави членки на Советот на Европа го имаат усвоено законодавството за слободен пристап до информации и дека во рамките на Европската унија 21 ос 25 држави членки го воведоа Законот за пристап до информации, од друга страна и преку 50 земји од светот донесоа таков закон, следува и наша обврска која доаѓа пред се од Уставот на Република Македонија, од потребата за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија и многуте конвенции и повелби кои не обврзуваат, а Република Македонија е нивна потписничка.

Исто така, ако се има превид сериозноста на овој закон од една страна и тежината што треба да ја добие од друга страна, овој закон како клучна алка во нашето законодавство треба да одреди една наша нова реалност, пред се, европска реалност. А, колку е европска, тоа е дискутабилно.

Оттука, прашањата, што треба да уреди овој закон, што треба да претставува и која е целта на неговото донесување.

Прво, со овој закон треба да се постигнат две цели. Да се намали можноста за молчење на администрацијата, а е оневозможено, бидејќи се предвидува широк обем на класифицирани информации кои не му даваат право на збор на администрацијата, туку напротив ги замолкнуваат.

Понатаму, целта е да се оневозможи постапката да трае во недоглед.

Второ, овој закон, пред се треба да претставува инструмент за борба против корупцијата, што исто така со овој закон е дискутабилно.

Трето, овој закон треба да ги спречи последиците од другите дискрециони права на имателите на информации.

Четврто, овој закон треба да ја спречи праксата на информирање од други закони кои ја уредуваат оваа материја, а кои би биле надредени во однос на овој закон. Искрено речено, се сомневам дека може да биде така. Аналогно на ова искажано следи и прашањето, дали овој Предлог-закон што е пред нас на разгледување одговара на поставените барања и така како што е поставен ќе биде доволно применлив и дали навистина ќе биде сервис на граѓаните за нивните потреби. Се сомневам и во едното и во другото. Иако, оваа верзија од Предлог-закон е просто нов закон, од она што ни беше дадено во претходната верзија, сепак има многу недоследности, а има и една замка. Кој од овие два закони ќе се примени прв. Првиот, односно Законот за класифицирани информации или вториот, овој што е пред нас. Иако се знае дека со овој закон не можат да се намалат правата утврдени со овој закон, сепак се овозможува на барателите на информации и понатаму да останат со кратки ракави.

Добро е што предлагачот на овој закон се премислил и наместо Министерството за правда како спроведувач на постапката за спроведување на овој закон, формира Комисија за информации од јавен карактер, што е за пофалба. Добро е што лицата даватели на информации се ослободени од одговорноста, заради давање на информации, но не сум сигурна дека ќе бидат ослободени од притисоците во однос на давањето на информациите. Како и да е со овој закон го фаќаме последниот воз од оваа материја, како што впрочем тоа го правиме скоро со сите реформски закони. Се прашувам, до кога, а тоа е, се разбира, една голема енигма. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Збор има господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Благодарам.

По однос на говорот на пратеникот Мавровски Спиро кој спомна дека во Комисијата министерката кажала тоа што со уставните амандмани не се дозволува право на жалба, туку се мисли на тоа дека со уставните промени, со членот 13 од Уставот на Република Македонија или амандманот 20, кој претрпе измени и со тоа се дозволува на другите државни органи да можат да постапуваат по нивните ингеренции, кои досега биле на судовите, а тоа ќе се уредува со Законот за прекршоци и Законот за судови. Ќе се мисли на тоа дека ќе се растоварат судовите до сега што имале многу предмети.

Затоа, се мисли на таа фаза каде што беше предлогот на Комисијата да можат да одлучуваат и без право на жалба, туку директно со тужба во тие органи. Меѓутоа, со амандманот кој е предложен од страна на Владата, се дава дозвола за жалба. Мислам дека тоа не е против промените на Уставот, туку напротив се респектира принципот на двостепеност или на правна заштита и затоа се е во тој склоп. Во врска со тоа мислење на министерката во тој домен што биле промените на Уставот.

Потоа, се спомнува членот 25 во кој член се дава можност на сите тие што зборуваат друг јазик, да можат да поднесуваат на свој јазик барања, се мисли дека и се знае ние оваа година усвоивме закон за општа управна постапка, која како таква се дозволува и на тој принцип исто така се постапува од страна на барателот.

Потоа, се спомнува член 30 став 2, во кој се мисли дека имателите на информации за примена на една од одредбите на овој закон соработува со Министерството за правда, а со амандманот се знае дека се формира Комисија, па затоа сметам дека со тоа е веќе надминато, бидејќи Комисијата е таа што ги презема овие можности и затоа и овде е изменето. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, имате реплика од три минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Ова што го говорев е токму тоа што министерката го кажа на комисиските расправи, ништо повеќе и ништо помалку. Значи, барателот да има право да поднесе тужба до надлежниот суд, нагласувајќи дека таквото решение е во согласност со новите измени на Уставот. На тој начин оценката е дека граѓаните побрзо и поефикасно ќе ги остварат своите права во оваа област, како и дека законот ќе придонесе во борба против корупцијата. Дефинитивно е така кажано и вие ништо не додадовте плус или минус од сето ова.

За принципот од заштита и членот 25, сите што зборуваат на друг јазик, јас кажувам дека ние воведуваме двојазичност, затоа што сите што зборуваат на друг јазик во Македонија ги има многу повеќе. Ако веќе одите по овие уставни промени и по амандманите што ги предложи Владата, тука во Комисијата и во она што понатаму го формирате, едноставно не е застапена правичната застапеност на етничките заедници, за кои што повторно ќе поднесете амандман, затоа што во оваа ситуација сте го пропуштиле и тоа не сте го напишале, а ќе го напишете и ќе го доставите.

Членот 30 став 2, јас ви кажувам од технички аспект дека така е неизводливо да стои во законот и уште еднаш ќе ве потсетам и ќе ви го прочитам. "Министерството за правда", треба да биде заменето со "иматели на информации и со Комисијата". Во членот 30 вие говорите, ставот 2 "имателите на информации за примената на одредбите на овој закон соработуваат со Министерството за правда", е, сега, ќе треба да соработуваат "имателите на информации со имателите на информации и со Комисијата".Апсолутно нерезонски и нелогично. Јас ви говорам за нешто што сите го гледаат тука и не треба да сме ни правници, ниту нешто да знаеме повеќе од македонскиот јазик, но вака како што е напишано апсолутно не одговара. Мислам дека мора да го повлечете, бидејќи не може имателите да имаат односно да соработуваат со имателите на информации и со Комисијата. Мислам ако е грешка, ред е да ја признаете, тоа ќе се исправи со амандмани и нема да стои повеќе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Бонева, повелете имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, господине заменик министер, колеги пратеници,

Еве, конечно после повеќе од една година од претходната фаза, спротивно на членот 160 од Деловникот на Собранието на Република Македонија дека во рок од 60 дена треба во наредната фаза да биде разгледан Предлогот на законот. Го добиваме Предлогот на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Значи, помина повеќе од една година.

Прво нешто што е важно е тоа што се прекршија одредбите од Деловникот, меѓутоа тоа да не го земеме и како некој голем грев. Поголем е гревот што беше направен од страна на Владата после скоро три години расправа по однос на потребата од носење на Законот за слободен пристап на информациите, јавната дебата по однос на решенијата кои што требаше да бидат вградени во овој закон. Многу проекти на невладини организации одржани од страна на Европската комисија, од страна на ОБСЕ. Значи, се спроведе една огромна јавна постапка, една долга процедура, се со цел да донесеме еден добар закон, за да го добиеме овој предлог на текст на законот во оваа фаза, наместо подобрен, наместо овој текст на законот да биде резултат од јавната расправа и сите сомнежи кои што беа искажани и

сите решенија кои што беа понудени да бидат вградени во овој закон добивме едно сосема ново законско решение, за кое што не беше запозната јавноста, за која што експертите не дискутираа, за која што Советот на Европа немаше искажано мислење од страна на нивните експерти. Си го потрошивме времето во комисиските расправи во дебати, кои што на крајот не вродија со добар плод, бидејќи покажавме пред Европската комисија, пред ОБСЕ дека како држава едно зборуваме, а друго правиме, дека џабе биле потрошените пари во овие последни две години, за јавни расправи, за давање на мислења од нивни експерти, експери од Република Македонија, јавни дебати од страна на невладините организации и тн. Значи, се било џабе кога Владата не сакаше да ги слушне сите овие забелешки и да ги вгради во новиот Предлог-закон кој што го добивме.

Сега, откако беше завршена комисиската расправа, повторно се сретнавме сите ние учесници во тие трибини во овие две години, со претставниците на ОБСЕ, со претставниците на Европската комисија кои беа запрепастени од односот на Владата како може да се потроши толку време и пари и заложби на невладини организации и на сите нас и на крајот да немаме солидно законско решение, да не биде земено предвид сето она што беше укажувано и од нивна страна. Токму од тие причини сите ние пратениците го добивме материјалот од ОБСЕ потпишан од шефот на Мисијата на ОБСЕ господинот Карлос Пајиш кој што ни укажува на сите нас и на Владата дека треба закон за слободен пристап до информациите да ги исполни основните услови, основните претпоставки за кои што тие ги предочуваат, за да можеме да кажеме дека носиме еден закон во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Што беше тоа што беше спорно во претходната фаза на носењето на законот и на што најмногу укажувавме и во текот на јавната расправа и во дебатата со експертите, со Министерството и овде преку собраниските говорници и каде застанавме. Бидејќи во претходната фаза имавме државна комисија како едно тело кое што треба да одлучува по основ на жалбите на сите оние кои што не стигнале до информацијата која што ја бараат, спорно беше тоа дали Државната комисија ќе има право да врши увид во документите од таен карактер и како да се обезбеди Државната комисија да биде независна. И, тука се кршеа најмногу копјата, се даваа најмногу предлози како класифицираните информации да бидат достапни за таа Комисија и таа да биде таа која што ќе каже дали некоја информација навистина е од строго доверлив карактер или таен карактер и дали треба да биде објавена или не и кој ќе гарантира дека таа Комисија ќе ги добие тие информации од овие државни органи кои што имаат вакви класифицирани информации. Наместо сега во оваа фаза да имаме некое решение, да расправаме токму за овие спорни прашања, ние добивме закон во кој што ја нема Државната комисија и сега набрзина денес сите ние пратениците ги разгледувавме амандамните на Владата, која што под притисок на Европската комисија и на ОБСЕ веќе повторно ја враќа Државната комисија, односно Комисијата за заштита на слободниот пристап до инфорамциите која ќе цени дали некоја информација оправдано или неоправдано не му била дадена на некој барател. Дали ќе биде граѓанин или правно лице тоа е друга работа и се враќа со амандманите од страна на Владата, со голем број на амандмани, се враќаат повеќе решенија, со што фактички денес добивме нов Предлог на закон за слободен пристап до информациите.

Што е внесено од она што беше барано и што е неопходно да го содржи еден закон за слободен пристап до информациите, кој што треба да ја постигне целта, а тоа е да внесе во просторот на Република Македонија едни нови демократски ветришта и на сите граѓани на Република Македонија да можат да им бидат достапни информациите од јавен карактер, со кои што располагаат државните органи и сите оние кои што користат средства од Буџетот на Република Македонија.

Најпрво, со амандманите се внесува Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Тоа е добро и тоа беше барање на сите, на нас пратениците, на експертите од државата и на експертите од Европската комисија и од ОБСЕ.

Но, да видиме што е направено со оваа Комисија и што е тоа што сепак останува пропуст и ќе предизвика проблеми во натамошната имплементација на законот.

Најпрво во законот сеуште во ставот 2 останува одредбата дека правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер се остварува согласно со овој зкаон, меѓутоа стои одредбата дека се остварува и согласно друг закон. И во претходната расправа и во текот на оваа орасправа и од страна на експертите на ОБСЕ и на Европската комисија беше укажано дека не треба да стои овде одредбата дека и со друг закон може да се утврдува дали ќе има, или нема да има пристап до некои информации од јавен карактер.

Беше укажано од страна на ОБСЕ дека овој Нацрт закон каков што е даден не успева да појасни дека законот за слободен пристап на информации има предност пред другите закони, особено пред законот за класифицирани информации. Значи, тоа е сугестија на ОБСЕ, исто така и на Европската комисија дека ние треба да донесеме еден генерален закон. Законот за слободен пристап на информациите треба да биде еден генерален закон кој ќе ја даде начелно рамката на кој начин ќе се стигне до секоја информација во државата, дури и на кој начин ќе се стигне до класифицираните

информации, дали ќе бидат тие дадени, или не и тука во овој закон да бидат дефинирани исклучоците, да бидат многу јасно кажани се со цел да не се наиде на злоупотреба некои од државните службеници кои располагаат со некоја информација на таа информација согласно законот за класифицирани информации да стават печат строго доверливо и тајно и без оглед на тоа дали таа информација е од таков карактер, бидејќи граѓанинот нема право на жалба согласно одредбите на законот за класифицирани информации нема на кој да се пожали, нема утврдена постапка кој ќе оценува, дали навистина таа информација е од таен карактер, дали е строго доверлива, дали навистина ќе се предизвика штета по државните интереси, по безбедноста на Република Македонија и од тие причини не се дозволува увид во таквата информација. И сега ваквото укажување од страна на странските и домашните експерти, од страна на сите нас пратениците повторно останува неприменета во овој закон за слободен пристап до информациите. Се дава можноста со други закони, меѓу кои што и законот за класифицирани информации да се утврдува дали некоја информација е од јавен карактер, и дали ќе се овозможи пристап до таквата информација. Повторно ќе напомнам дека најголем дел од дискусиите беа во претходната фаза токму насочени во овој правец, како овој монопол кој што е даден со законот за класифицирани информации, значи монопол над информациите, како овој монопол да подлежи на еден тест на штетност, значи т.н. тест на штетност, односно да се утврди дали давањето на информацијата која што се бара ќе предизвика штета за државниот интерес на Република Македонија, значи за безбедноста, одбраната на државата, за интегритетот на некоја личност. Значи претходно треба секоја информација која што ќе биде кажано дека е класифицирана, дека е од строго доверлив, или таен карактер, треба да подлежи на ваков тест, дали да биде дадена информацијата, или не. А тоа требаше да го прави и имателот на информацијата пред да каже дали некоја информација ја дава, или не ја дава и државната Комисија, односно Комисијата за заштита на слободниот пристап до информациите која што ќе цени дали оправдано имателот на информацијата не му ја дал информацијата на граѓанинот. Ако Државната комисија, односно Комисијата за заштита на слободниот пристап до информациите нема право да има пристап до информации од ваков карактер, да има право да сослуша сведоци, да има право да спроведе една целосна постапка и да утврди дали некоја информација на вистина треба да биде дадена или не треба да биде дадена пред јавноста, тогаш ќе остане затворен како и досега овој круг на иматели на информациите во државата за кои што никој не може да цени дали таа информација е добра, или не.

Би кажала дека неопходно е потребно во членот 2 од Законот многу јасно да се каже дека потребно е имателот на информацијата да обезбеди јавност и отвореност во работата и тоа да се обезбеди врз основа на повеќе принципи и тоа освен максималната отвореност обврската за објавување на клучните информации по службена должност, промовирањето на отворена власт. Неопходно е потребно во законот да стои дека исклучоците треба да бидат јасно и прецизно дефинирани и да бидат предмет на строги проверки за штетност и јавен интерес. Значи, тоа е неопходно потребно да биде ставемп во законот од причините кои што ги наведов пред малку.

Исто така, во членот 4 треба тука некаде да биде ставен после членот 4 и заштитата на државните службеници кои што ќе одадат тајна, значи некои информации од таен карактер, а информацијата значи нема да предизвика штета, односно одавањето на информацијата нема да има такви штетни последици како што ќе предизвика не давањето на информацијата на јавноста. Овде во законот после членот 31 е предвидено да стои оваа одредба што јасно е укажано дека е потребна и од ОБСЕ и од другите експерти, тоа е адекватната заштита на државните службеници кои што работат со информации. Меѓутоа, сметам дека пред казнените одредби не му е местото на овој член, туку треба да биде ставено овде веднаш пред делот кој што зборува за исклучоците од слободниот пристап до информации.

Сакам да се осврнам на членот 6 кој што предизвика најмногу интерес во јавноста, а тоа е значи со членот 6 се регулира исклучокот од слободен пристап до информациите. Овде неопходно е потребно многу сериозно децидно да бидат набележани исклучоците. Повторно ќе кажам од причини што онака како што е даден законот, законот за класифицирани информации се поставува над овој закон за слободен пристап до информациите. Бидејќи не постои никакво право на жалба против одлуките за класификација, овде треба многу јасно да биде кажано кои се исклучоците и само овие исклучоци кои што се дадени, кои што треба да бидат дадени во законот треба да бидат основ за тоа дали некому ќе му биде дадена некоја информација, или не. Од тие причини неопходно е потребно член 6, ставот 1 од членот 6 да гласи:"Имателите на информациите по исклучок можат да одбијат барање за пристап до информацијата само ако основано може да се претпостави дека објавувањето на информацијата ќе предизвика сериозна штета за одбраната на државата и националната безбедност на Република Македонија". Понатаму, во членот 6 став 1 точка 2 треба да се измени и да гласи: "приватниот, или семејниот живот на некое лице, или за здравствената, финансиска, или имотна состојба на некое лице како и лични дописи, писма, телефонски разговори, или друг вид на лична комуникација". Понатаму, членот 6 став 1

точка 5, треба да се измени и да гласи: "јавната бебедност, превенцијата, или откривањето на криминал, апсење, или гонење на обвинетите, спроведувањето на судска постапка, операции на контрола на нелегален престој на странци", значи и овде треба да биде внесена и оваа одредба се со цел да немаме злоупотреби од страна на имателите на информации. Ако не се дефинираат јасно исклучоците во овој закон, тогаш им оневозможуваме на граѓаните да стигнат до информациите за кои што тие се заинтересирани и даваме можност повторно на државата и на некои нејзини служби да има монопол над информациите. Од друга страна да го чуваме сеуште стравот кај граѓаните да побараат било каква информација од ваквите државни органи за кои што сметаат дека нема да им ја дадат информацијата и тогаш кај граѓаните ќе има однапред сомнеж и страв дека само ќе бидат бележани кои се тие граѓани во државата кои што се дрзнале да бараат вакви информации, а од друга страна нема кој да цени дали информациите кои што ги бараат граѓаните треба да им бидат дадени, или навистина тие се информации од строго доверлив интерес за државата и тие информации можат да предизвикаат штета по безбедноста и одбраната на државата Република Македонија. Значи, не смееме да дозволиме повторно да остане овој, би кажал маѓепсан круг кој што постои со години наназад и не можат граѓаните на државата да стигнат до информациите за кои што тие се интересираат, а кои што се во сопственост на државата, диро да се однесуваат и за нив, за граѓаните. Знаеме дека во минатото имаше голем број на граѓани кои што имаа досиеја од страна на службите за државна безбеднсот и ден денешен тие, многу од граѓаните немаат право на пристап до ваквите досиеја и не знаеме дали оправдано се штити државниот интерес, значи безбедноста и одбраната на државата, или пак нечиј друг интерес, или пак државата едноставно не дозволува граѓаните да видат што таа им прави на сопствените граѓани. Значи, ваквиот сомнеж треба да биде отстранет, а единствено ќе биде отстранет доколку се почитуваат укажувањата кои што се дадени и од експертите на Европската комисија и од ОБСЕ, да си знае точно кои се тие информации и во кои случаи не можат да им бидат дадени на граѓаните на Република Македонија.

Понатаму, имаме со амандманите од страна на Владата дадено дека ќе имаме Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Но, да видиме каква е таа Комисија сега што ја предлага Владата и дали е во духот на она што беше расправано во текот на целиот период наназад, дали се обезбедува навистина едно независно тело кое што нема да работи под диригентство на извршната власт, туку ќе работи независно, непристрасно и дали тоа тело ќе може да цени дали некоја информација оправдано, или неоправдано не е дадена на јавноста, односно не му е дадена на барателот на информации. Тоа ќе го видиме од тоа што најпрвин ќе видиме како ни предлага Владата и Министерството за правда да биде направена оваа државна, да биде основана оваа државна комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации. Овде во амандманите се вели дека на Предлог на Владата на Република Македонија претседателот, заменик претседателот и членот на Комисијата кој е претставник на невладиниот сектор, значи на Предлог на Владата овие членови ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија за период од 5 години со право на повторен избор. Јас не знам какво ќе биде тоа независно тело, каква ќе биде таа комисија која што треба да ги штити правата на граѓаните која што комисија ќе биде предлагана токму од Владата и која што ќе ја носи парламентарното мнозинство. Па нели цело време расправавме во текот на минатиот период како да направиме комисија од која што партиите, рацете на партиите нема да стигаат, како ќе направиме комисија која што ќе се отргне од влијанието на извршната власт. Ако не е така тогаш таа ќе биде само гласноговорник и потврдувач на она што го кажале државните органи, а сега ни се нуди едно вакво решение. Значи ни се нуди комисија кооја што ќе ни ја предложи Владата, парламентарното мнозинство по инерција ќе си ја изгласа и како ќе обезбедиме слободен пристап до информациите. И кој е тој што ќе цени дали е некоја информација оправдана или неоправдана, им е дадена или не им е дадена на граѓаните.

Јас мислам тука многу сериозно, пред да се затвори оваа расправа Владата доколку смета дека треба да направиме еден закон кој што ќе овозможи зацрстување на демократијата во Република Македонија и остварување на уставното право на граѓаните за слободен пристап до информациите треба да размисли за решенијата кои што беа зборувани во претходната фаза , а тоа е дека неопходно е потребно. Комисијата за избори и именувања при Собранието на Република Македонија да дава предлози до Собранието, значи да се бара 2/3 мнозинство во Собранието за членовите на оваа Комисија за заштита на слободен пристап до информациите и кога ќе се утврди еден консензус за овие членови во оваа Комисија, значи консензус од страна на опозиција и од страна на парламентарното мнозинство, кога ќе се предложат личности кои што не се политички обоени, личности кои што сите ќе веруваат дека ќе застанат во одбрана на правата на граѓаните и до слободниот пристап на информациите и кога со 2/3 мнозинство ќе биде изгласана една ваква комисија, дури тогаш можеме да кажеме дека сме направиле нешто за развонот на демократијата во Република Македонија, дека имаме едно независно тело кое што ќе цени какви се информациите и зошто не биле дадени одредени информации на граѓаните. Тогаш можеме да

веруваме бидејќи тоа ќе биде производ на сите нас и на опозицијата и на парламентарното мнозинство, а не повторно Владата да има монопол над тоа кои ќе бидат членови на оваа комисија. Тогаш не ни треба комисија, пак нека си остане Министерството за правда како што беше и претходното решение. Јас мислам дека ако вистински и сериозно размислуваме за тоа да направиме еден европски закон кој што ни е услов меѓу другото за нашето идно евро интегрирање на кое што ни укажуваат сите европски претставници и европските експерти е формирање на независна комисија. На ваков начин ли ќе формираме комисија? Значи, Владата си формира независна комисија, а парламентарното мнозинство гласа независна комисија. На тоа никој нема да ни верува ниту експертите од надвор, ниту граѓаните од Република Македонија, ниту пак најмалку опозицијата ќе има верба дека ќе профункционира овој закон и дека има некој што ќе ги брани интересите на граѓаните на Република Македонија. Од тие причини задолжително во законот треба да биде ставено дека на предлог на собраниската Комисија за избори и именувања со 2/3 мнозинство на гласови во овој Парламент значи треба да има 2/3 мнозинство на гласови, значи да има гласови и од позиција и од опозиција за да се изгласа составот на оваа Комисија.

Понатаму, мора да стои во законот дека од редот на именуваните членови, значи тие членови кои што ќе ги именуваме сите ние Комисијата ќе си избере свој претседател, заменик, значи луѓе кои што ќе си бидат избрани од самата комисија, а не Владата да избира и да му предлага на Собранието, а Собранието, односно парламентарното мнозинство да избира претседател и заменик претседател на Комисијата. Такво решение апсолутно е неприфатливо и воопшто не е демократско и во правец на она што треба да го направиме со овој закон. Исто така, треба да стои одредба да се каже дека за член на комисијата не може да биде именувано лице кое е пратеник во Собранието на Република Македонија, кое е член на партиски орган, или вработен во политичка партија кој има избрана или именувана позиција во централната, или локалната власт, лице кое е осудувано за кривично дело сторено со умисла со кое може да се изрече казна затвор над една година и лице кое е осудувано за кривично дело сторено со умисла, или небрежност против слободата и правата на човекот и граѓанинот и против уставната должност. Мислам дека се согласувате дека ваква одредба недостасува и ваква одредба задолжително треба да биде составен дел на законот кој што го носиме.

Исто така треба да се каже кој го утврдува надоместокот на членовите на Комисијата. Овде, ако Комисијата за прашањата на изборите и именувањата го дава предлогот до Собранието, за именување на членови на оваа Комисија, тогаш Комисијата за избори и именувања треба да го утврди надоместокот кој треба да го земаат членовите на оваа Комисија. Понатаму, во надлежностите на Комисијата, што е тоа што го нема а е неопходно потребно да стои во овој закон. Меѓу другото, како надлежност на Комисијата, во Законот стои дека таа подготвува Годишен извештај за својата работ аи ваквиот Извештај го доставува до нас до Собраниеот на Република Македонија. Во надлежноста на Комисијата отсуствува тоа дека Комисијата треба да покренува иницијатива за поведување на постапка пред надлежните органи за разрешување, за сменување, за казнено гонење или примена на други мерки на одговорност, за функционери, за службени лица или одговорни лица на имателите на информациите кои не ги спроведуваат, или не постапуваат по одредбите од овој закон. Оваа Комисија ја следи работата на имателите на инфорамциите и до колку утврди дека имателите на информациите не се придржуваат на одредбите од овој Закон, тогаш таа Комисија кога ќе констатира таква состојба треба да има право и да предлага, сменување, разрешување или поведување на постапка. Понатаму таа Комисија треба да дава мислење за закони, за подзаконски акти и интерни регулативи на имателите на инфорамциите во делот кој може да има влијание врз остварување на правото на слободен пристап до информациите. И нешто што исто така го нема во надлежностите за работа на Комисијата, што повторно ми дава за право да кажам дека ваквиот избрзан пристап, значи ден пред конечната расправа овде во Собранието да разгледуваме амандмани, значи набрзина носење на амандмани без претходно сериозно да бидат разгледани, да се слушната мислењата, резултатот е вакви пропусти, дури и во надлежностите на Комисијата, па во надлежностите не стои дека Комисиајта ги разгледува годишните извештаи на имателите на информациите, дека го изготвува Националнио тизвештај од сферата на слободен пристап до информациите и дури потоа дека го доставува до Собранието, туку во Законот стои дека само подготвува извештај за сопствената работа и го доставува до Собранието. Значи треба јасно да биде дефинирано. Недостасува најважното нешто дека Комисијата е таа која ги разгледува извештаите на сите иматели на информации. Во решението што досега беше дадено од страна на Владата, обврската за разгледување на извештаите беше на Министерството за правда. Значи имателот на инфорамции, извршната власт си разгледува што е тоа што таа дала или не дала како инфорамција. Сега имаме Комисија за заштита на инфорамциите, меѓутоа никаде не е кажано дека Комисијата е таа што ќе ја следи работата на имателите на инфорамциите, ќе ги следи нивните извештаи и врз основа на тоа ќе дава оценка за нивното работење и ќе дава извештај пред Собранието на Република Македонија, не само за нејзината работа, не само за предметите и барањата кои стигнале до таа Комисија. На тој начин ќе обезбедиме Комисијата

да биде таа која ќе следи се што се случува на територијата на Република Македонија во однос на оние кои располагаат со информации, значи кои се тие иматели на инфорамции, како тие постапуваат со информациите, дали ги даваат или не ги даваат, какви се нивните внатрешни акти за давање на информациите, сето тоа треба да го прави оваа Комисија за заштита на слободниот пристап до инфорамциите. Заради тоа во надлежностите на Комисијата треба да бидат внесени и овие надлежности.

И на крајот овде во амандманот 41-а, во ставот 2 се вели дека Агенцијата за информации престанува со работа со денот на влегување во сила на овој закон и дека вработените од Агенцијата ќе бидат фактички службата на Републичката комисија. Меѓутоа, предлагачот овде не водел сметка дека Агенцијата за инфорамции е формирана со Законот за државна управа кој се носи со двотретинско мнозинство на гласови. Сега, еден орган формиран со закон кој се носи со двотретинско мнозинство, го укинуваме со закон кој се носи со просто мнозинство на гласови овде во Собранието. Сметам дека тоа не е во ред и Министерството за правда тука треба сериозно да размисли дали со овој закон можеме да ја укинеме Агенцијата за информации.

И на крајот ќе кажам и тоа дека овој закон, без оглед на тоа што се нудат некои измени и е подобар во односна Законот кој го имавме пред некој ден, сепак овој закон нема да обезбеди слободен пристап до информациите, овој закон нема да го отстрани сомнежот на граѓаните дека нема да биде злоупотребувано правото на некои од државните органи да класифицираат одредена инфорамција како строго доверлива и тајна, без оглед на тоа дали таа навистина е таква информација, бидјеки не се дава право на независниот орган на Државната комисија таа да биде таа која ќе цени дали таа информација навистина е класифицирана информација или не. Не се дава право на Државната комисија со таквиот пристап односно не се формира независна комисија за заштита на правата на граѓаните, туку повторно комисија, продолжена рака на извршната власт. Од тие причини мислам дека повторно извршната власт односно државните органи ќе си го зачуваат монополот над информациите во државата, повторно ќе биде отежнат пристапот до инфорамциите и само ќе се бележат луѓето кои ќе се интересираат за одредени инфорамции и оттука и стравот кај граѓаните, откако ќе бидат одбиени, со поинакви очи какошто беше и досега ќе се гледа со нив, токму за тоа што се дрзнале да бараат некоја информација која е класифицирана како строго доверлива, па зошто таа информација им треба, па да бидат подложни на други инфорамции и испитувања. Значи со овој закон повторно го чуваме отворен стравот кај граѓаните кој беше присутен во изминатите 50-ет години. До колку сакаме да направиме една вистинска демократизација во овој простор на слободен пристап до инфорамциите, Владата, претставникот на Министерството за правда, овде, ќе се потрудат до крајот на оваа расправа да ги земат предвид забелешките, не само искажани од мене, од многу од колегите од опозицијата, но и забелешките од експертите на ОБСЕ, на Европската комисија, забелешките на невладините организации кои повеќе од две години го водат овој проект, кои јасно укажуваат дека неопходно е потребно да имаме независно тело и овој закон, неговата поставеност да биде таква што ќе биде генерален закон со јасно утврдени исклучоци и јасно кажан тест на штетност за секоја една информација да биде подложена на тој тест на штетност. Откако ќе се утврди дали навистина инфорамцијата ќе предизвика штета по државнит еинтереси , одбраната или безбедноста на државата или личниот интегритет на некој граѓанин, дури тогаш да биде одговорено дека таа инфорамција може да биде дадена, или да не биде дадена на увид на јавноста. Од тие причини барам доработка на овој закон. До колку до крајот на расправата не се поднесат амандманите, Владата да го повлече законот, да го доработи и кога ќе го изгласаме законот за слободен пристап до иформациите, сите да бидеме убедени дека со овој закон сме направиле многу чекори напред во демократизацијата на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Топузова имате три минути реплика.

**Роза Топузова Каровска:** Не можам до крај да се согласам со дискусијата на колешката Бонева, особено околу нејзините забелешки во однос на Комисијата и дека овој закон апсолутно не може да овозможи пристап на граѓаните до инфорамциите. Напротив, сметам дека со амандманите кои се поднесени од страна на Владата во најголем дел се прифатени забелешките од невладиниот сектор. Така што, што се однесува и до она што госпоѓата Бонева го говореше за Комисијата и нејзините надлежности, не се согласувам дека не е водено сметка за она што е сугерирано од невладиниот сектор, член 19, затоа што таму стои дека со тоа што Парламентот учествува во именувањето на членовите на Комисијата, веќе имаме еден процес кој ќе биде отворен и во него учествуваат повеќе страни. Освен тоа, нивна препорака беше да имаме вклучено и член од невладиниот сектор. И тоа е предвидено со амандманите што ги имаме. Така што веќе имаме едно значително подобрување, не само со воведувањето на Комисија која беше изоставена во Предлогот на законот, туку и со членовите кои ќе учествуваат вонеа.

За останатите прашања за кои говореше Бонева дека законот е неприменлив односно не може да им овозможи на граѓаните пристап до инфорамциите, ќе говорам во дискусијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Во една минута не можам се да кажам, меѓутоа ќе ја потсетам колешката да ја препрочита забелешката од страна на ОБСЕ каде првите две забелешки се токму во однос на тоа што зборував, а за кое колешката има поинакво мислење, дека овој закон не успева да појасни дека законот за слободен пристап до инфорамциите има предност пред другите закони, особено над Законот за класифицирани инфорамции, тоа го зборував цело време, и не вклучувањето на тестот на штетноста. Значи, можноста секоја информација, дури и класифицираните да подлежат на тест на штетност, дали ќе предизвика поголема штета давањето на информации отколку недавањето на инфорамции на јавноста. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Анастасовски имате збор.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседател во заминување, колеги пратеници, претставници на Владата.

Она што го кажа колешката Бонева, во едно сум сигурен а тоа е дека во препораките и директивите од Европската комисија од ОБСЕ се приближуваме кон Европската унија, меѓутоа со говори од 45 минути, не сум сигурен дали се приближуваме кон Европскат аунија. Не знам, такво е моето чувство. Она што можеме да го кажеме, навистина можеме да го кажеме и вократки црти, конкретно, како и што секогаш го бараше претседателот од нас, да се држиме до текстот и да ги дадеме нашите забелешки по однос на овој закон.

Меѓутоа мое мислење е дека можеби сега малку е задоцнето, но не е лошо да се проговори околу некои дилеми кои се јавуваат и кај мене по однос на текстот на законот, бидејќи во Комисијата за политички систем доволно се расправаше околу овој закон. За разлика од тогашната расправа и сега, тогаш имав впечаток дека ние тој закон го носиме за медиумите. Меѓутоа, денес од расправата видов дека всушност тоа е она вистинското кое треба да се направи со овој закон. Значи од тој аспект јас отприлика имам две дилеми за кои ќе проговорам по однос на текстот на законот.

Она што го слушнавме од излагањето дека овој закон всушност е носен две години, текстот е работен две години, што значи дека навистина е работен транспарентно, а тоа го покажуваат сите брошури и документи кои одат заедно со текстот на овој закон. Ако се земе фактот дека првата фаза беше во јануари, сега пред нас што го имаме текстот, без амандманите, навистина е видоизменет од она што беше првата фаза на текстот и не е она што го говори колешката Бонева дека под притисок од ОБСЕ и од меѓународните институции. Јас ќе кажам дека реално, Владата под притисокот на нашите домашни невладини експерти кои беа присутни на самата Комисија и ако отворите Интернет ќе видите, навистина, некои сериозни забелешки по однос на текстот на втора фаза. Владата тоа сериозно го свати, се повлече и достави над десетина нови амандмани со кои сериозно го подобри текстот и покажа дека навистина има доблест да прифати одредени грешки кои се направени во текстот дека треба да се исправат. Јас тоа би го рекол под притисок на нашата јавност, на нашите експерти и на нашите невладини организации, тоа навистина доблесно го направи Владата и направи корекции во самиот текст.

Она што е многу важно според мене, бидејќи кога бевме на една конференција, еден европретставник тогаш упати сериозни критики до Република Македонија, зборувам за 2003-2004 година, во Виена, дека Македонија сеуште го нема донесено овој законски проект и од она што е кажано гледам дека две години се работи текстот, па тогаш, сериозно сме ја сватиле таа забелешка што работата по овој закон е отпочната, тој се работел до ден денес со сите забелешки и сугестии и се она што како забелешки ги имаат невладините организации, експертите  и меѓународните организации по однос на овој текст. Значи добро е да се потенцира дека Владата за сите тие забелешки и директиви имала доблест да врши одредени корекции во самиот текст на законот. Меѓутоа, ако се тргне од она што и претседателот секогаш го бараше од нас, реков на почетокот, да бидеме децидни по однос на самиот текст, ќе видиме дека од првиот текст на закон до сега, роковите навистина се зголемени, во некои делови растично, што мислам дека нашето чекорење кон Европската унија бара и скратување на одредени административни рокови, се со цел да имаме и поефикасна администрација и поефикасно да функционираме сите ние како држава. Во тој дел јас требаше да поднесам амандмани, меѓутоа тоа не го направив, ги повлеков амандманите, но, се надевам дека сеуште не е доцна, бидејќи Владата реагираше со над десетина амандмани. Сето тоа повлекува нови активности каде можеме ние пратениците, согласно Деловникот, до овој момент да поднесуваме амандмани, или тоа да го направи Владата, бидејќи знаеме овде се работи за добивање на одредени информации кои на луѓето во даден момент, навистина, ќе им бидат неопходни, гледано од членот 17, членот 13, членот 18, членот 21 и членот 24 став 3 каде во сите нив постојат одредени рокови, кои се зголемени, за добивање на информација, веднаш односно најдоцна во рок од десет дена, или ако се отворат одреденис удски процеси, тогаш тие временски рокови се зголемени на 30 или на 45 дена, што лично мислам дека тие рокови навистина треба да бидат намалени се со единствена цел за да сето тоа да функционира поедноставно и тој што има потреба од одредена информација која во даден момент му е

неопходна, да го направи во пократки временски рокови.

Тоа е едното што кај мене се јавува како дилема, а другото е она што стои во Глава 4-Постапка за остварување на правото за слободен пристап до информации односно под 1 усно или писмено барање. Сега во оваа глава во членот 12 став 1 кажува: пристапот до информации барателот може да го бара усно, писмено или во електронски запис. Писмено и електронски запис е коректно, но кај мене дилемата е усно. Тие истите невладини организации кои беа присутни на самата Комисија доставија одредени забелешки и доставија, меѓу другото, текст на закон на Србија и Црна Гора каде исто во овој дел кај нив стои, да не одиме подалеку, да не одиме во земјите од Европа, оние што се членки, еве да го прокоментирам ова, во овој текст на закон на Србија и Црна Гора се кажува дека не постои термин усно. Најверојатно и таму оцениле дека терминот усно навистина не може да најде своја применливост. Вие ќе побарате одредена информација усно, ако не ја добиете во рок кој е предвиден чекате одредена постапка, ако ја отворите. Сега, од таа постапка како ќе докажете дека навистина тоа сте го побарале усно. Тоа е, по моја логика, а и овој закон, забележувам дека терминот усно во членот 12 став 1 не би требало да постои, сигурно ќе имате свое образложение за сето тоа или во членот 13 став 1 кажува ако барателот бара пристап до информација со усно барање.

Дали би било можно овој термин и во членот 12 став 1 и во членот 13 став 1 да се избрише, да не постои, ова е примерокот што го доставија, таму има единствено писмено, таму не стои електронски запис, што мислам дека е коректно, писмено и се наведуваат податоци на тој што бара одредена информација.

Дали Министерството за правда е во можност да одговори членот 12 и членот 13 треба да егзистираат како такви.

Неспорна е поддршката на овој закон и она што се коментира во принцип дали тој ќе може практично да профункционира. И полош закон е подобар од нефункционирање на одреден закон. Тоа е најлошо за нашата држава да имаме закон, да постои, а да не функционира. На овој закон треба да му се даде шанса да профункционира во пракса и да се покаже во одреден временски период какво е неговото егзистирање или применливост на самиот терен. Тогаш ќе можеме да разговараме рамноправно дали имало потреба од некој член или не или дали имало потреба од некаква комисија или немало. Меѓутоа, ред е да му се даде шанса на овој закон да профункционира во пракса.

Затоа мислам дека е ова коректно законско решение ќе покажеме пред таа меѓународна јавност кои сите овде се повикуваат дека имало одредени директиви еве и ние го направивме тоа на крајот во Република Македонија, а од друга страна ги искажав моите две дилеми, бидејќи сметам дека роковите кај нас се навистина долги, треба да ги намалуваме заради ефикасност и ова што го видов во овој закон дека таков термин не егзистира во другите закони, на пример во законот на Србија и Црна Гора, а веројатно и во законот на земјите членки на Европската унија.

За тие две дилеми би било добро Министерството за правда да ни даде одредени одговори.

Го поддржувам законот и благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Повелете господине Мавровски три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван колега. Мислам дека последното што ја дадовте поддршката е во ред, но вашата дискусија изобилува со контрадикторности. Зошто го велам сето тоа? Еве би почнал од почеток на она што го кажавте, кажувате дека е задоцнето, а имаше цела година за да се разговара по законот. Значи, не се стигнало за да можеме да ги објасниме сите работи и оваа година била малку за денеска вие да интервенирате задоцнето затоа што Владата донесе амандмани на 20 јануари 2006 година. Вие сте збунети, јас тоа го видов дека сте збунети, но морате да го поддржите законот, искажавте сомнеж исто како мене во вашата дискусија за членот 12 и членот 13, говорите дека законот е сериозно донесен, а се менува на самата седница и тоа суштински се менува, тука не гледам никаква сериозност.

Понатаму, се јавува дилемата дали законот е правен за медиумите, а не за граѓаните, тука е основното прашање, секогаш информациите кои треба да ги добијат медиумите ги добиваат дозирано од Владата, тоа и сега функционира.

Говорите за транспарентност дека е работено со брошури и покрај тоа што го носи законот, но законот е многу видоизменет од првата фаза. И тоа е точно.

На вашата комисиска расправа и расправата на другите комисии во Парламентот имаше сериозни забелешки како од невладиниот сектор така и од самите пратеници и доколку не беше интервенцијата на ОБСЕ директно до Владата, овие забелешки, овие нови 13 амандмани немаше да бидат вградени во овој нов закон.

Дека интервенцијата од она што се кажало на комисиите, ние имавме можност целата македонска јавност, посебно оние што се бават со оваа област во таа година што вие ја кажавте од јануари 2005 до декември 2006 година ги искажаа своите забелешки и своите видувања, но сето тоа не беше вградено во законот. Се донесе последниот момент откако Владата го достави законот на 15 декември да имаме сериозни промени и забелешки на 20 јануари 2006 година.

Затоа ќе ви кажам дека вашата дискусија е контрадикторна, вие не сте виновни што Владата го направи сето ова. Благдоарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Една минута контра реплика за пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам за репликата, драго ми е господине Мавровски што сте ме следеле внимателно, тоа е за почитување, меѓутоа, ниту сум збунет ниту чувствувам дека имало некакви контрадикторности во мојата дискусија, јас реков дека првиот текст во јануари и сега Владата даде различен текст. Имаше сериозни критики на Комисијата за политички систем. Оттука произлегоа првите реакции, меѓутоа, и понатаму стојам на тоа дека е работен транспарентно, бидејќи дел од колегите тогаш се изјаснија дека работеле по одредени групи во тие две години. Јас не сум учествувал. но тоа го слушнав од колегите пратеници.

Затоа кажувам дека Владата по таквите критики од експертите на невладините организации во Република Македонија имаше доблест да се повлече односно да достави нови над 10 амандмани со кои го корегираше текстот на законот. Јас тоа го реков во мојата дискусија, а потоа реков ...

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Следен за дискусија е пратеникот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благоарам господине потпретседател, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Со предожениот закон за слободен пристап до информации од јавен карактер се остварува уставното начело со кое се гарантира слободен пристап кон информациите, слобода на примање и пренесување на информациите, како се тежнее да се обезбеди јавност и отвореност во работењето на имателите на информации со цел да им се овозможи на граѓаните и правните лица да го остварат правото на пристап до информации од јавен карактер.

Донесувањето на овој закон, почитувани колеги, претставува уште еден чекор кон процесот на интеграција кон Европската унија, НАТО, како и потреба за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија и почитување на меѓународните стандарди за човековите права и слободи.

Битна работа е да се спомне дека основен услов за спроведување на овој закон што се надевам дека на оваа расправа ќе го донесеме, е неговата промоција во јавноста со цел граѓаните и сите други да дознаат кои се нивните законски права, начинот и постапката да дојдат до информациите за кои се заинтересирани.

Граѓаните треба да знаат дека со донесувањето на овој закон се стекнуваат со законска основа нивните прашања да бидат одговорени, да дознаат како се трошат нивните пари уплатени во Буџетот на Република Македонија, работењето на јавните установи, претпријатијата, разните државни служби и работењето на локалната власт.

За истакнување е дека со донесувањето на овој закон се врши промоција на отворена власт, што е за секоја пофалба и поздравување на ваквиот чекор што го превзеде Владата.

Почитувани колеги, јавноста мора да знае што работи власта ако таа власт се декларира дека е демократска и дека има потреба да и служи на граѓаните.

Најголем придонес за практична примена на овој закон, а и давателите на информации во органите на државната власт и другите установи и институции е да не бидат претрупани од барања за информации, давателите односно државните органи и институции потребно е редовно да ги објавуваат на сите можни начини клучните категории на информации во врска со нивните активности и сите информации кои се од јавен интерес. Само во тој случај нема да има натрупаност од барања. Јас очекувам дека со стапувањето на сила на овој закон јавните служби, државната власт ќе биде претрупана со прашања.

Ако сака да се ослободи од овој притисок што евидентно ќе биде направен, власта треба да ги објавува информациите и на тој начин ќе биде растеретена од ваквиот притисок.

Сакам да истакнам дека на граѓаните мора да им се обезбеди лесен достапен внатрешен систем за реализација на правото за дознавање на ифнрмациите од една страна и мали трошоци за постапката од друга страна.

Од тие причини поднесов неколку амандмани со кои барам да се конкретизира одговорноста на давателите на информации и олеснување на постапката до информациите и заштита на лицата кои ќе оддадат информации од неприфатливи активности.

Да ја искажам мојата благодарност до претставникот на Владата што беа прифатени четири клучни амандмани.

Првиот амандман беше на членот 5 каде точно се дефинира кој е одговорен во крајна инстанца за давањето на информации.

Исто така во членот 10 точно се определи службеното лице кое ќе ги дава информациите да биде објавено со личните податоци што ќе овозможи непосреден контакт на барателите на информации.

Исто така прифатениот амандман за формата и изгледот на барањето кое ќе биде поднесено да биде унифицирано односно Комисијата да го унифицира. Имателот на информацијата е

должен на барателот да му даде формула односно барање истиот да го пополни.

Ова го барав од причина дека конечно државната администрација мора да сфати дека е создадена и платена да дава услуги на граѓаните.

Уште еднаш благодарност до претставникот на Владата што ги прифатија амандманите и што определивме одговорно лице за изработка на конечниот годишен извештај кој се доставува до Комисијата, а со тој извештај Комисијата ќе излезе пред Собранието.

Добро е што целата работа на Министерството за правда ја презема Комисијата. Тоа е добро и не ги прифаќам сугестиите дека власта ќе има контрола врз информациите или врз лицата кои ќе работат во таа Комисија.

Почитувани колеги, се надевам дека Комисијата за заштита на правото до слободен пристап на информациите од јавен карактер во своето упатство за начинот и постапката за спроведување на овој закон кој ќе го донесе, уште еднаш добро ќе размисли и ќе донесе добро упатство, применливо и ќе ја олесни постапката на барателите на информации на поедноставен начин да дојдат до бараните информации.

Посебно сакам да истакнам дека најголем придонес за практична реализација на овој закон треба да имаат државните службеници, а особено државните секретари во министерствата и од тие причини со донесувањето на овој закон се наметнува задолжително изменување на Законот за државни службеници. Посебно во делот на правата и должностите на државните службеници, тоа се членовите 24 и 26 каде треба стриктно, прецизно да се дефинираат задачите на државните службеници и во одговорноста на работењето на државните службеници.

Исто така мислам дека со измените на Законот за државни службеници, на државните секретари како први личности односно домаќини во министерствата треба да им се даде одговорност околу реализацијата на овој закон. Тие се личности кои одговараат за работењето на службите во министерствата и мора да ја сносат одговорноста за реализација на давањето на информации од јавен карактер.

На крајот сакам да кажам уште една работа, а тоа е дека со спроведување на овој закон односот со јавноста во работењето на државните органи е најголемиот придонес за борба против корупцијата.

Од тие причини ќе го поддржам законот и ќе гласам за истиот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, јас ќе се потрудам, почитувани колеги, почитуван потпретседателе да бидам што пократок, намерата не ми беше земајќи збор да го коментирам законот особено не текстот, бидејќи во најголема мера текстот е тој што е поткрепен со оние амандмани кои ги имавме. Но, би сакал да искажам токму во оваа расправа по текстот на законот дека покрја она што овој закон прв пат се нуди во Република Македонија, и покрај тоа што од тие аспекти секогаш кога се пополнува правниот систем со некоја празнина која ја нема во правниот систем секогаш треба да се даде поддршка. Би сакал да се искажам дека навистина Владата направи огромен пропуст или превид при носењето на овој закон и по мене тоа е толку мистериозно од Владата затоа што овој закон ние како пратеници го гледавме во редовна процедура, во постапка по Предлог за донесување на закон и постапка Предлог на закон кој сега го гледаме.

Предлогот за донесување на закон или првата фаза на овој закон ја гледавме некаде во јуни, што значи дека имаше доволно време до денеска скоро шест и повеќе месеци Владата врз основа на она што беше искажано овде во Собранието беше искажано на комисиите во вид на забелешки во која насока треба законот да ги содржи оние одредби кои, во основа, се расправаше овде, мора да истакнам дека Владата имаше тотално несериозен пристап. Сето она што беше забелешка и на собраниската расправа, па дури и на комисиите во делот на текстот на законот, она што значи законот да ги инкорпорира сите оние одредби кои имавме прилика да ги видиме на начин кој, по мене, не е во ред, Владата на не знам кој начин достави еден Предлог на закон кој во основа е или беше многу полош од она што беше во првата фаза.

Сега ако во првата фаза искажавме еден куп забелешки во смисла на тоа да имавме некоја надеж во втората фаза со ваков еден текст на закон ќе следи еден закон кој што ќе содржи, ако не сега, но еден голем дел од она што беше искажано од забелешките, особено на пратениците овде на расправата она што значи од граѓаните и од здруженијата кои што најмногу ги засега, сведоци сме дека навистина предлагачот имаше индиферентен однос према сите нив.

Законот кој што го добивме и за кој што бевме припремени да расправаме и да интервенираме амандмански навистина беше доста празен во однос на првата фаза. Дури и она што во првата фаза, дури и она што во прфата фаза го содржеше а тоа е онаа Комисија за информации која што можеби една од крупните забелешки на здруженијата на граѓаните итн, во делот на информирањето сега во оваа фаза беше содржано во првата фаза. И, тука е клучното прашање. Се поставува прашањето зошто кога сите пратеници кога целата јавност поддржа една таква идеа едно такво решение зошто Владата одеднаш тоа го исфрли а потоа амандмански го додаде. Јас морам генерално да го поставам прашањето или сите ние како пратеници да се

прашаме дали навистина предлагачот, Владата сакаше да има закон за информации од јавен карактер. Јас мора да ги разочарам колегите и да кажам дека Владата не сакаше да има ваков закон, не сакаше затоа што токму постапката потврдува да има ваков закон, затоа што ако сакаше ќе го направеше од почетната фаза онака како што сега со амандмани интервенираше. И мора да кажам дека е крајно несериозно кога поминаа седум месеци од првата фаза а да добивате амандмани кои суштински го менуваат текстот ден или два пред конечната расправа по овој закон, нешто укажува дека во Владата има проблем. И, бидете сигурни како што јас сум сигурен дека и тие амандмани немаше добиено од Владата како предлагач, доколку не следеше оној притисок, особено од Здружението на граѓани кои ги тангира овој проблем и она што ние како пратеници го добивме од нив во вид на писмени извештаи и дури со предлог како да интервенираме амандмански.

Значи, мора Владата со себе да расчисти во смисла на тоа. Ако не сакаше да има закон, не требаше да понудува ваква верзија. Ако пак не знаеше каков текст да понуди, тогаш логично би било ние овој закон денеска да го разгледуваме во втора фаза, поточно во нацрт верзија, па да дадевме можност повторно со едно добро разгледување да упатиме на она што треба да се реши, можеби со уште една јавна дебата, можеби со уште една расправа овде во Собранието и на комисии и да дојдеме навистина, до еден содржаен закон. Вака, во минута до дванаесет, во пет до дванаесет ние добиваме овде амандмани кои во суштина, го менуваат текстот и во суштина ние треба сега да се произнесеме дали овој закон сега ги исполнува оние критериуми.

Јас морам почитуван потпретседателе, почитувани колеги да кажам дека иако не е принципиелно, иако не е во ред таквата постапката при носење на законите, сепак, некое задоволство морам да искажам, затоа што можеби тој притисок придонесе Владата да се премисли, па донесе еден куп амандмани во два наврата, од она што значеше на некој начин притисок и видно го измен и текстот за кој што бевме спремни апсолутно, да не го поддржиме. Сега, кога слушам дека и здруженијата кои што беа најголеми иницијатори за ваков закон на некој начин се задоволни, значи го прифаќаат ваквиот текст, можеби и подобар, но во основа добиваат нешто што до вчера можеби го немаа. Овој закон вака сега изменет со тие амандмани кои што влегоа, можеби заслужува поддршка. Но, не би сакал ваквата практика да се повторува и не би сакал како пратеници да се доведуваме во една ваква состојба во минута до дванаесет да носиме некои решенија кои што навистина ги тангираат сите граѓани на еден ваков крајно несериозен начин.

Од тие причини, јас повторно ќе кажам дека законот во основа без разлика на сите амандмани кои што се поднесени, без разлика на овој конечен текст, нема да ја постигне целта, нема да ги задоволи сите оние барања кои што граѓаните, или здружението на граѓани ги очекуваат, затоа што ако добро со внимание се прочита текстот, ќе видите дека сеуште има доста празнини, особено во делот на жалбената постапка, особено во делот на молчењето на администрацијата, кои што како процедура постојат, но како злоупотреба секогаш можат да се користат, за да не се дојде до онаа сакана информација. Ние сме сите почитувани колеги, сведоци сите овие години Република Македонија, или оној кој е власт во Република Македонија  на маестрален начин ги користиме сите можно начини како да се избегне давање на некоја информација, која што ја засега власта и која што можеби би и штетило на нејзиното владеење. Тие се причините поради кој со ваков скептицизам се пријде во носењето на овој закон. Но, бидејќи овој закон претставува чекор понапред од она што значи немање на закон, ние како пратеничка група ќе дадеме виза, ќе го поддржиме, со тоа што ја искажуваме јавно нашата недоверба кон одредбите, недоверба во практикувањето и во спроведувањето на овој закон, затоа што знаеме дека Република Македонија, со нејзините институции или со администрацијата ќе се претвори повторно во еден куп барања за кои што нема да има соодветен одговор и ќе се бара формата и начинот како да се избегне, да се даде оној вистински одговор кои што граѓаните го бараат, било тоа да биде усмено, било тоа да биде во писмена форма која што ја пропишува овој закон. Значи, ништо не е суштински утврдено, се што е некоја процедура ставена, процедура која што може да биде злоупотребувана, а да се најде начин да не се даде онаа сакана информација, вистинската и релевантната која што некој ја бара.

Според тоа, генерално ние овој закон, односно предлагачот на овој закон го носи само за да има закон, за тоа да не стои празно на она место каде што некој ќе не обвинува, особено во патот кон Европската унија дека материјата или проблематиката со јавното информирање, или со информацијата од јавен карактер не е регулирана. Ние, односно предлагачот, поднесува закон, колку да има закон. Искрено не очекувам дека овој закон ќе даде и резултати, не очекувам дека смислата, односно целта поради која што законот се носи ќе биде оправдана. Тоа ќе го покаже праксата и тоа многу брзо, имајќи ги предвид сите овие одредби кои што стојат во законот, особено, како што кажав делот на постапката по жалбите и приговорите итн. Но, за да не бидеме ние како партија, уште еднаш ќе кажам, да не бидеме кочничари, дека сме ние против излегување на информациите до јавноста од јавен карактер, ние ќе го поддржиме, иако сметаме дека текстот е лош. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе, иако согласно Деловникот треба да зборуваме за текстот на законот кој што и суштински се измени во текот на расправата, сепак, се враќаме во дискусиите назад, а се обидуваме за жал, повторно да манипулираме со една тема, која што мислам дека е во интерес на сите и сите се залагаме за донесување на овој закон. Така да, никаде нема да не одведе дискусијата. Сега јас кажувам дека првиот собир на релевантните институции, артикал 19 се организирал 1999 година, иако правото на слободен пристап на информации постои многу години station наназад, а во Обединетите нации после Втората светска војна е дефиниран и зошто тоа од 1999 година сега дури се носи законот, но сепак, мора да се даде признание дека е направен еден обид не само да се стави плус во оние задачи што ги имаме од Европската комисија, туку и да направиме закон кој што ќе биде применлив во праксата. Но, за жал, некои пратеници овде дојдоа со спремни дискусии на првичната верзија на законот и не гледам зошто е проблем доколку Владата го слушне гласот на јавноста артикулиран преку "Транспарентност Македонија", преку "Промедија" и институции кои што беа вклучени во целата оваа постапка. Но да бидеме искрени со различни мислења во текот на јавната расправа и она што е конечно решение е тоа дека според Веб страницата на "Транспарентност Македонија", како што пишува, цитирам, ќе се формира комисија за заштита на правото за пристап до информации и ќе се гарантира заштита на вработен во државната администрација кој ќе оддаде заштитена информација. Ова се двата амандмани за кои Владата вчера интервенира во предлогот за пристап на информации, со што ги прифати најголемите забелешки на невладините организации. Не е проблем што имаме еден законски предлог преку амандмани на Владата што ги артикулира барањата на невладините организации и јавноста, туку зошто тоа го направила подоцна. Значи, не сакаме да зборуваме за суштината, туку сакаме да зборуваме за формата, па денеска отидовме до таму дека ингеренциите на Комисијата не треба да бидат пред казнените одредби, туку да бидат понапред. Дали ќе функционира или не, не зависи на која страница од законот се наоѓа одреден член, туку колку ќе имаме политичка волја тоа да го направиме. А политичката волја тоа да се направи, Владата и го демонстрира со носењето на законот, со предлагањето овде во Собранието пардон, но, и со прифаќањето на забелешките од страна на невладините организации. Ако сакаме да бидеме коректни, ако комплетно прочитаме она што го пишува во мислењето од Мониторинг мисијата на ОБСЕ во Македонија, ќе видиме дека Комисијата и заштитата на давателите на информации се клучните забелешки што се појавија во јавноста. Да бидеме прецизни кампањата и целата оваа подготовка на законите беше финансирана од страна на меѓународни организации на невладините организации, да не ги доведуваме во заблуда граѓаните дека залудно се трошени пари од буџетските средства.

Второ, да бидеме искрени и да кажеме дека во текот на јавната расправа, двете клучни организации, кои што учествуваа во подготовката на овој закон имаа различно мислење за составот на Комисијата, односно дали да членува невладиниот сектор таму или не. И нивните разлики за среќа и тие конвергираа во едно заедничко мислење кое потоа стигна и до нас како пратеници и беше објавено во јавноста и за среќа се најде заеднички компромис. Останува дилемата во однос на законот за класифицирани информации, кои што, да ве потсетам, е комплетно стандардизиран и потврден од НАТО, бидејќи за степенот на класификација на одредени информации постојат некои стандарди и ние сме се определиле на тој пат. Да ги прифатиме НАТО стандардите и по тие препораки 100% тој закон е компактибилен и потврден од НАТО критериумите. Во препораките од артикал 19, втора работа што сакав да ја нагласам е во една од препораките да ги кажува дека агенциите или институциите, треба да се грижат што повеќе материјали да стават на интернет. Мислам дека и тука Владата ја изразува својата политичка волја и се придружува на она што го имаме ние во Собранието, пред се, со промовираниот портал услуги gov.mk. каде што во овој момент има 235 услуги, или има информации за 235 услуги што ги нуди Владата, а во меѓувреме се изработува органограм на Владата, кој што оди во прилог на она што господинот Никола Апостоловски зборуваше, а амандманот од мојата колешка Грковска беше прифатен, лицата кои што се одговорни за одредена информација точно да ја знаеме нивната позиција. Значи не само визуелно во однос на шемата, туку и реално во однос на хиерархијата во рамките на структурата на администрацијата. Затоа по препораките на артикал 19, тоа е најефтината информација, најефтиниот начин како да се достави некоја информација и мислам дека тоа е добро презентирано, прифатено, политичката волја е јасна, онака како што на пример постои посебна веб страниза за процесот на приватизација на Електростопанство од декември месец, само што не сакаме некои работи да ги видиме, или не не одговара во оној момент кога дискутираме. За жал, повторно се изрази сомневање или во капацитетот на јавната администрација, или пак се спомнуваат притисоците кои ќе бидат од страна на Владата. Значи, некој како што го сфаќа начинот на владеење, не значи дека тоа е одлика на сите политички партии, не сите политички партии кои се на власт мислат дека треба да вршат притисоци на администрацијата, или пак да ги тераат да кријат некои информации, или да објавуваат некои погрешни информации. Мислам дека политичката волја што ја покажа оваа Влада и со транспарентната работа и со неколкуте

механизми што ги наметна ги демантираат таквите стравувања и мислам дека во овој процес во имплементацијата на еден закон кој што е сложен, каде што ќе треба да помине време на обука за она што значи давање на информација и на кој начин тоа ќе се реализира, мислам дека поддршката од страна на вработените во администрацијата ќе биде квалитетно и на независно ниво и ќе можеме да ги демантираме сите оние стравувања дека ќе дојде до кочење на целиот овој процес. Бидејќи овој законо не само што ни треба на патот кон Европската унија, туку и во реалната заложба на политичките партии во власта, својата работа да ја прават транспарентна, пратеничката група на СДСМ, ќе го поддржи овој закон и ќе учествува во мониторирањето, колку што е задача на Парламентот во неговата имплементација. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Топузова имате збор, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе, веќе повеќе часови трае расправата околу овој закон и можам да се согласам со повеќето дискутанти кои што кажаа дека овој е многу значаен закон, токму поради тоа што со член 16 став 3 од Уставот на Република Македонија се гарантира слободниот пристап кон информациите и слободата на примање и пренесување на информациите. Но, за жал, иако ова права го имаме загарантирано од 1991година, се досега, односно до овој парламентарен состав, не беше ништо преземено за ова право на граѓаните да им го овозможиме.

Значи, законот за слободен пристап до информации, за прв пат влезе во собраниска процедура минатата година и нормално, тогаш имавме еден предлог за донесување на закон на пленарната седница. Тогаш ги искажав моите мислења и ставови зошто на Република Македонија и е неопходно да има еден ваков закон, колку тој придонесува за демократијата во земјата, колку им помага на граѓаните да дојдат до посаканите информации и секако, колку е значаен за она што ние го имаме зацртано, односно нашето интегрирање во Европа и хармонизирање со европското законодавство.

Тоа не би го повторувала сега, ќе кажам дека овде исто беа искажани многу забелешки за тоа дека Владата ни имаше доставено еден закон, кој што сега со голем број на амандмани е видоизменет, еден предлог на закон. Со тоа можам да се согласам, но би сакала овде да го искажам она како дојде до тоа Владата да ги поднесе овие амандмани.

Имено, после расправата за потребата од донесување на овој закон, законот беше ставен на јавна расправа во која што учествуваа и беа вклучени покрај голем број на пратеници, исто така и голем број на невладини организации. Некои од нив беа спомнати, како што се транспарентност, потоа "Про медија", "Отворено општество" и други. На сите тие учествуваа претставници од Министерството за правда и голем дел од пратениците.

Навистина, дел од забелешките кои што тогаш беа искажани, грешките кои што тогаш беа искажани, најдоа свое место во Предлогот на законот кој што беше доставен во собраниска процедура од страна на Владата и врз основа на тоа Комисијата за политички систем на две свои седници расправаше по овој Предлог на закон.

На едната седница беа поканети и претставниците од невладиниот сектор да ги искажат своите забелешки. Најголемите забелешки се однесуваа на тоа дека во Предлог-закон ја нема Комисијата како независно тело кое што ќе биде одговорно, Комисија, тело кое што е надлежно за спроведување на законот за пристап до информациите. Морам да кажам дека во амандманите кои што ги достави Владата, значи врз основа на расправата која што ја имавме на Комисијата на политички систем, со присуство на невладиниот сектор, а не како овде што беше искажано под големиот притисок на јавноста или некои невладини организации и од разговорите со членовите на Комисијата за политички систем. Значи, добивме едни амандмани и со тоа ја надминавме најголемата забелешка која што всушност беше доставена до Министерството за правда и со амандманот 5, веќе имаме воведување на Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како едно надлежно и независно тело. Особено сакам да кажам дека од големо значење е што ова Комисија ги има меѓудругото - нема сега да ги повторувам и читам овде сите надлежности, тоа што одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации од барателите на информации, со што во многу голема мера се олеснува постапката на оние кои не се задоволни од одговорот што го добиле или не ја добиле бараната информација. Значи, наместо со тужба до надлежниот суд, како што стоеше во претходната верзија, сега веќе имаме жалба до Комисијата.

Потоа од големо значење, според мене, е и тоа што Комисијата подготвува и објавува листа на имателите на информациите, со што се овозможува сите оние кои што сакаат да добијат одредена информација да ја имаат оваа листа и да знаат од каде би ја добиле таа информација.

Уште само едно ќе потенцирам дека, многу е добро што оваа Комисија подготвува годишен извештај за својата работа и истиот го доставува до Собранието на Република Македонија кое што го разгледува и одобрува.

Што се однесува до составот на Комисијата, навистина и тука е прифатен дел од забелешката, така да еден член иако како што слушнавме од колегата Макрадули имаше различни мислења, дали невладиниот сектор треба да биде вклучен во оваа Комисија. Сепак, значи Министерството

го имаше предвид барањето на поголем број претставници на невладиниот сектор и еден член од петте членови ќе биде и од тој невладин сектор.

Што се однесува до другите два члена кои што ги предлага Владата, мислам дека тука можеби подобро решение ќе беше Комисијата за избори и менување да ги именува останатите членови на Комисијата, но сега имаме едно вакво решение. Во секој случај не е исклучено и Собранието. Значи, по предлог на Владата, сепак, Комисијата за избор и именување на Собранието ги именува овие членови, што значи не е точно и тврдењето дека апсолутно Собранието е исклучено и не учествува во именувањето на членот во составот на Комисијата.

Би сакала уште на еден момент да се задржам и тука ќе биде крај на мојата дискусија. Една исто така забелешка која што беше од невладиниот сектор, тоа е тестот за штетност и кое што исто така со амандманите веќе е доведен во една сосема задоволителна фаза. И особено за мене е значаен членот, амандман 8 по членот 31 со додавање на член 31-а кој гласи: "се ослободува од одговорност вработен во државната администрација кој ќе даде заштитена информација доколку таа е од значење за откривање на злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување како и спречување на сериозни закани за здравјето и животот на луѓето и загрозување на животната средина". Значи, она што го бараше невладиниот сектор, она што ни беше предочено од сите претставници е вградено преку амандманите и станува составен дел од овој закон.

Точно е дека можеби има уште одредени моменти каде што можеше да има подобрување на законот но според мене е многу важно да се донесе еден ваков закон и тој да се применува. Во секое време недостатоците со самата примена, кои што ќе се покажат со самото негово применување, можат да се изменат од страна на Собранието. Токму поради тоа, поради неопходноста за донесување ваков закон, поради што веќе е крајно време Македонија да има ваков закон, пратеничката група на Либерално демократската партија ќе го поддржи законот за слободен пристап до информации. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Но денеска нема да пристапиме кон гласање, заради тоа што за овој закон е потребно двојно гласање, она што ние класично го нарекуваме Бадинтерово мнозинство, моментално поради одредени партиски активности не можеме да го обезбедиме.

Затоа ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,55 часот).